Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за култура
Ministria e Kulturës

Бр. - Nr 53-4764/2
04.06.2024 год. - viti
Скопје / Shkup

# ИЗВЕШТАЈ
# ОД РАБОТНАТА ГРУПА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СОСТОЈБИТЕ И НА МОЖНОСТИТЕ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА РАБОТАТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ФИЛМ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Министерот за култура со Решение бр. 53-4764/1 од 26.03.2024 година формираше Работна група, која согласно цитираното Решение е должна врз основа на податоци и информации добиени од Агенцијата за филм на Република Северна Македонија да утврди мерки и активности за унапредување на работата на Агенцијата за филм. Во текот на април и мај 2024 година, Работната група изврши увид во работата на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија (во натамошниот тескт (АФ) и овој Извештај содржи констатации и препораки за надминување на констатираните состојби во АФ.

Со Извештајот се идентификувани сите критични недостатоци во примената на предметната законска регулатива, утврдени се слабостите во работата на АФ, дефинирани се и активности кои треба да ги преземе АФ за надминување на актулените состојби, со што Работната група смета дека ќе се овозможи доследна примена на Законот за филмската дејност и на другата позитивна законска регулатива, но и примена на принципот на владеење на правото, потиснување на непотизмот, клиентелизмот, не селективност при постапувањето и сузбивање на корупцијата.

Врз основа на констатациите содржани во овој Извештај, Работната група ќе изработи и препораки кои соодветно ќе се имплементираат и во Националната стратегија за развој на филмската дејност[1] и во новата законска регулатива за филмската, односно за аудиовизуелната дејност.

## ВОВЕД

Согласно Законот за филмската дејност (во натамошниот текст: ЗФД), АФ е основана од Владата заради поддршка, поттикнување и развој на филмската дејност, финансирање проекти од национален интерес за Република Македонија

[1] Во Годишниот извештај за 2020 година изразени се расходи за исплата на средства за изработка на Национална стратегија за развој на филмската дејност и изготвување на предлог закон со кој ќе се уреди целата аудиовизуелна дејност во износ од 925.552,00 денари. За истата намена и согласно податоците во Годишниот извештај за работа на Агенција за филм за 2019 година се исплатени средства во износ од 397.676,00. И покрај исплатените средства за изработка на актите (Национална стратегија за развој на филмската дејност и изготвување на предлог закон со кој ќе се уреди целата аудиовизуелна дејност), Агенцијата за филм нема доставено никаква документација од која може да се утврди дека документите се изработени, што отвора сомнеж дека исплатата на овие средства е без законски основ.

во филмската дејност, како и заради поддршка, презентирање и грижа за филмското творештво во Република Македонија, со својство на правно лице и самостојност во својата работа. АФ за својата работа одговара пред Владата на Република Северна Македонија. Според ЗФД работењето на АФ се темели врз принципите на стручност, професионалност, транспарентност, отчетност и одговорност во работењето.

Со АФ, раководи директор кој го именува Владата на Република Македонија, со мандат од две години.

За периодот во кои се опфатени одредени акти кои беа предмет на увидот, како одговорни лица на АФ, согласно решенијата донесени од Владата на РМ (РСМ) се именувани:

- **Горјан Тозија**, в. д. Директор (Решение бр. 24-4362/1 од 02.08.2017, Решение бр. 24-1438/1 од 30.01.2018, Решение бр. 20-1292/1 од 04.02.2020) и директор ( решение бр. 24-2405/1 од 20.02.2018 г.) **во период од 03.08.2017 година до 15.12.2020 година**;
- Бојан Лазаревски, в. д. директор (Решение бр.20–12190/1 од 15.12.2020 г.; Решение бр. 15-8249/1 од 01.02.2023 г) и директор ( Решение бр. 14-2167/1 од 09.02.2921 г) **во период од 15.12.2020 година до 06.02.2024 година**.
- **Владимир Ангелов**, директор именуван со Решение бр. 14-2115/1 **од 06.02.2024 г.**

Управниот одбор на АФ, согласно ЗФД го сочинуваат претседател и четири члена од кои еден се именува од редот на истакнати поединци од областа на филмската дејност, еден на предлог на асоцијацијата на филмски здруженија од Република Македонија или Стопанската комора која ги застапува филмските продуценти, двајца од редот на дипломирани правници и еден од редот на дипломирани економисти.

За претседател и членови на Управниот одбор со Решение бр.24-8373/1 од 12.12.2017 г и со Решение бр. 24-9599/2 од 24.12.2019 година се именувани:

- Александар Каспаинов, претседател,
- Ацо Дуковски, член
- Блерим Османи, член
- Бојан Лазаревски, член
- Ѓеорѓи Трајчев, член

Со Решение бр. 20-11844/2 од 21.12.2020 година од член на УО е разрешен Бојан Лазаревски. Истиот на 15.12.2020 е веќе именуван за в.д директор на АФ.

За претседател и членови на Управниот одбор со Решение бр. 14-1754/1 од 22.02.2022 година се именувани:

- Игор Шокаровски, претседател;
- Нина Николиќ, член;
- Снежана Станковиќ, член;
- Фатон Мемети, член;
- Хасан Кардиу, член.

Со Решение бр. 15-4935/2 од 06.06.2023 година, од член на Управниот одбор на нејзино барање е разрешена Снежана Станковиќ.

За претседател и членови на Управниот одбор со Решение бр. 14-2449/1 од 13.02.2024 г се именувани:

- Анета Данева Мострова, претседател;
- Бранко Петровски, член;
- Зоран Бањански, член;
- Исмаил Касуми, член;
- Фатон Мемети, член.

АФ еднаш годишно до Министерството за култура и до Владата на Република Северна Македонија доставува годишен извештај за својата работа, со финансиски показатели, кој се објавува на веб страницата на АФ (Член 10 точка 14 од Законот). Во согласност со член 21 точка 7 и член 33 став (2) од Законот, Управниот одбор на АФ го донесува Годишниот извештај за работа на АФ, најдоцна до крајот на март во тековната за претходната година, на предлог на директорот на АФ.

Министерството за култура по Годишните и полугодишните извештаи за работа на АФ, даваше **негативно мислење за работата на АФ** (за 2019, за 2020 и 2021 год.) **и** укажуваше на ненавремено доставување на годишните и полугодишните извештаи за работа на АФ, како и на незаконската работа на АФ. По дадените забелешки, насоки и препораки од Министерството за култура содржани во овие мислења, од страна на АФ не е постапено, ниту пак од страна на директорот се дадени било какви коментари за прифаќање или неприфаќање на истите.

Согласно членот 19 од ЗФД, директорот на Агенцијата е должен до Владата на Република Македонија на секои шест месеци да доставува извештај за работењето на Агенцијата. Ако од извештајот се утврди недостаток во финансиското работење, односно ако се утврди дека надлежностите на Агенцијата не се спроведуваат согласно со динамиката и во рамките на средствата утврдени во финансискиот план на Агенцијата, директорот е должен да ги отстрани недостатоците во рок определен од Владата на Република Македонија, кој не може да биде подолг од шест месеци. Ако и по истекот на овој дополнителен рок, директорот не ги отстрани утврдените недостатоци и во тој период повторно има недостатоци во финансиското работење на Агенцијата, Владата на Република Македонија ќе го разреши директорот.

**Согласно ЗФД, директорот на АФ може да биде разрешен од Владата на Република Македонија, пред истекот на мандатот за којшто е именуван, доколку Владата на Република Македонија не го усвои годишниот извештај на АФ.**

Владата на РСМ не ги усвојуваше извештаите за работа на АФ[2], ниту пак согласно негативните мислења на Министерството за култура[3], преземаше конкретни дејствија за директорот и управниот одбор на АФ. Годишните и

[2] 1.Мислење на Министерство за култура бр. 53-10079/1 од 14.11.2023 година; бр. 44-5810/1 од 25.05.2023 година; бр. 20-513/2 од 01.02.2023 година; бр. 20—7202/2 од 11.07.2022 година.; бр. 53-7005/2 од 20.05.2021 година и бр. 18-8044/2 од 01.10.2020 година.

3 Мислење на Министерство за култура бр. 08-4922/4 од 13.05.2020 година, 08-4922/2 од 23.04.2020 г.;бр.53-6500/3 од 16.06.2020 г;08-9589/1 од 26.07.2021 г.;бр.53-7104/2 од 08.07.2022 г.; 53-5091/4 од 08.06.2023бр. 53-9209/2 од 20.10.2023 г.бр.53-1059/2 од 28.02.2024, бр. 53-5051/2 од 25.04.2024 г.;бр.53-5177/1 од 11.04.2024 г.

полугодишните извештаи за работа на АФ, Владата ги разгледуваше како материјал за информирање, што е спротивно на ЗФД.

## А) ЗА СУДИРОТ НА ИНТЕРЕСИ ВО АФ

Во 2023 година од страна на Група на филмски работници, како и од режисерот Милчо Манчевски се доставени повеќе претставки за работата на АФ, во кои се укажува дека: „постојат основани индиции дека во раководењето и управувањето со Агенцијата за филм последниве години има бројни прекршувања на законите по различни основи, како и нагласена акумулација на управувачките и одлучувачките функции во мал број на личности“; „членови на Управниот одбор, рецензенти и финансиски советници имаат конфликт на интереси поради реваншизам и дискриминација кон автори кои конкурирале на Конкурсот за поддршка на филмски проекти во втор рок во 2022“; „очигледна е и концентрација на моќ која се манифестира во изборот на советници и рецензенти кои имаат тесни деловни врски со раководството на Друштвото на филмски работници на Македонија“; „Снежана Станковиќ е долгогодишен адвокат на Друштвото на филмски работници и на продуцентските куќи на Игор Иванов и на Томи Салковски, а именувана и за член на Управниот одбор на Агенцијата за филм; Бранко Петровски е финансиски советник во Агенцијата за филм и претседател на Надзорниот одбор на ДФРМ; Ана Василевска е член на Филмскиот совет, филмски рецензент во Агенцијата за филм и истовремено учествува во реализација на проект поддржан од Агенцијата за филм (манифестација „Златна рамка); Косара Митиќ, која е режисер на филмот „Црвената соба“ на кој продуцент е Кристијан Буровски, внук на Томи Салковски, а копродуцент е Томи Салковски е ангажирана во АФ за филмски рецезент, за членови се избрани повеќе личности кои имаат односно имале деловна соработка со Игор Иванов и Томи Салковски“.[4]

Исто така, и во 2020 година од страна на режисерот Милчо Манчевски се доставени претставки до Министерството за култура во кои се укажува на постоење на судир на интереси кај Бранко Петровски, кој истовремено бил назначен за финансиски советник и член на Филмскиот совет на АФ и кај Ана Василевска, која од страна на директорот на АФ била назначена за филмски рецезент, а истовремено била и член на Филмскиот совет, а притоа учествувала во реализација на проект („Златна рамка“), кој е финансиран од АФ.

Дел од овие индиции се потврдени како наоди во Анализата на постапка спроведена во Агенција за филм по основа на Конкурс за финансирање на проекти за 2022 година на Транспаренси интернешнл Македонија, како и во Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата бр. 12-612/28 од 18.12.2023 година, во која е наведено **„до Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција да се покрене иницијатива за поведување постапка поради постоење на основано сомневање за сторено кривично дело“.**

## Б) ЗА РАБОТЕЊЕТО НА АФ И ВО АФ

[4] За судирот на интереси Работната група дава и подетално објаснување во точката В – За незаконското финансирање на Друштвото на филмските работници на Македонија.

1. Државниот ревизор во конечниот извештај за иврешена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласност за 2021 година во Агенцијата за филм (со продолжена ревизија на Друштво за филмски работници) нотирал: **„Изразивме неповолно мислење во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива за 2021 година."**

Исто така, Министерството за култура, во изминатите неколку години со дописи и укажуваше на АФ за погрешна и недоследна примена на ЗФД.

Во Записникот за извршен инспекциски надзор ИП1 број 57-65 од 28.09.2023 година на страна 9 од Записникот е наведено *„Според податоците наведени во приложениот Прашалник, Лист продукција во тој период имала снимено два краткометражни филмови и тоа „Без љубов" и „Доаѓаат од центарот на светот" кои што во 2017 и 2018 г., биле прикажани на повеќе меѓународни и домашни филмски фестивали, (Festival du nouveau cinaema - Montreal (Canada) и Interanational cinematographers film festival ManakiBrothers (Macedonia) со цел да се докаже дека Лист продукција ги исполнувала условите од членот 26 став (6) од ЗФД, и тоа со цел да се овозможи пренесување на правото и обврските од Преддоговорот за филмскиот проект со работен наслов „Сестра" на режисерот Дина Дума, од Круг филм на Лист продукција. Но, при извршените пребарувања на посочените линкови во текот на надзорот, утврдено е дека дел од наведените податоци во Прашалникот се неточни, конкретно наведените фестивали, односно годината 2017 како година на прикажување на фестивалите на филмот „Без љубов" во режија на Дина Дума, на Лист продукција, поради што се констатира дека во периодот на поднесувањето на пријавите по Конкурсот објавен во месец ноември 2017 г., од страна на АФ, Лист продукција не ги исполнувала условите од членот 26 став (6) од ЗФД за учество на предметниот Конкурс..."*

Иако, инспекторот утврдил дека филмскиот продуцент „Лист продукција" доставил неточни податоци односно дал изјава со невистинита содржина, Управниот одбор на АФ ниту расправал за потребата од преземање на конкретни дејствија за давањето на изјава со невистинита содржина од страна на филмскиот продуцент, ниту пак донел некаква одлука во однос на овој продуцент. Од друга страна, пак за наводно давање на изјава со невистинита содржина на Банана филм од Скопје, Управниот одбор во 2023 година донел одлука да се запре со финансирањето на сите проекти на оваа продуцентска куќа во сопственост на Милчо Манчевски. **Ваквите постапки упатуваат на очигледна селективност при постапувањето на Управниот одбор на АФ при носењето на одлуки кои се однесуваат на различни продуцентски куќи, со што го нарушува основниот принцип на еднаква примена на законите кон сите продуцентски куќи.**

Согласно ЗФД, филмскиот продуцент чиј филмски проект е избран на конкурсот од членот 25 став (1) од овој закон, откако до Агенцијата ќе достави договори за регулирани авторски права со сценаристот и со режисерот, склучува преддоговор со директорот на Агенцијата за финансирање на филмскиот проект. Со преддоговорот се регулираат правата и обврските за користење на средствата, намените за нивното користење и рокот за затварање на буџетот на филмскиот

проект. Преддоговорот се заверува кај нотар со својство на извршна исправа. Со склучувањето на преддоговорот, Агенцијата му исплаќа на филмскиот продуцент најмногу до 5% од средствата утврдени во одлуката од членот 30 став (1) од овој закон кои се наменети за развој на филмскиот проект и за активности за затворање на вкупниот буџет на филмскиот проект со средства од други домашни и меѓународни извори.

Согласно член 3 од Преддоговорот, продуцентот се обврзува во рок од 2 (две) години сметано од денот на склучувањето на овој Преддоговор да ги обезбеди финансиските средства од буџетот, поточно разликата на средствата помеѓу вкупниот буџет за продукција на филмот и доделените средства од страна на АФ. Продуцентот има обврска на секои 6 (шест) месеци сметано од денот на склучување на овој Преддоговор писмено или по електронски пат да ја известува АФ за текот, развојот и прогресот на филмот, за аплицирањето на филмот на други фондови и слични организации.

Врз основа на остварениот увид, Работната група констатираше **дека поголем број од филмските продуценти на секои шест месеци не доставувале извештаи за прогресот на филмскиот проект, ниту пак АФ ги барало тие извештаи, поради што АФ нема увид за развојот на филмскиот проект, што влијае и врз планирањето на средствата на АФ кои се наменети за финансирање на филмските проекти.**

Согласно член 8 од Преддоговорот, доколку продуцентот не го затвори во целост вкупниот буџет на филмот во определениот рок, има право во исклучителни случаи да поднесе барање за продолжување на истиот во рок од 30 дена пред денот на истекот од 2 (две) години. Во прилог на Барањето должен е да достави документација со која ќе ги докаже причините за поднесување на Барањето. АФ врз основа на документацијата од став 1 на овој член, одлучува за дополнително продолжување на рокот за затворање на буџетот на филмот, но не повеќе од 6 (шест) месеци.

Доколку Продуцентот во рокот определен со овој Преддоговор, не покажал никаков прогрес на филмот, не обезбедил дополнителни средства нема право да бара продолжување на рокот. Доколку Преддоговорот биде раскинат Продуцентот е должен во рок од 60 (шеесет) дена на сметка на АФ да ги врати средствата исплатени врз основа на склучениот Преддоговор.

Од остварениот увид во документацијата на одредени филмски проекти Работната група утврди дека **АФ не го следи рокот на важност на преддоговорите, ниту пак ја следи нивната реализација, што е спротивно на ЗФД. АФ и покрај тоа што се исполнети сите услови дел од преддоговорите да бидат раскинати, истите не ги раскинува навремено и не бара враќање на доделните средства.**

Во ЗФД не е утврден рокот во кој АФ и филмскиот продуцент е потребно да го склучат преддоговорот. Ваквата правна празнина создава потенцијална можност и АФ да не го склучи преддоговорот со што може да предизвика штета на филмскиот продуцент, но и на филмскиот продуцент му се остава можност да го избере времето кога ќе го склучи преддоговорот со што ќе си остави дополнителен рок **(надвор од рокот од 5 години)** во кој треба да го заврши филмскиот проект.

Ваква состојба е констатирана со Записник од извршен инспекциски надзор ИП 1 бр. 57-64 од 07.09.2023 година за филмскиот проект **„Чувари на формулата"**. Имено, со Одлука на Управниот одбор на АФ, бр. 02-221/10 од 31.01.20017 година прифатен е проектот „Чувари на формулата" – долгометражен игран филм со македонски малцински удел, со наслов „Чувари на формулата", во режија на Драган Бјелогрлиќ, во продукција на **„Скопје филм студио"**. Филмот имал премиера на 16 август 2023 година, **по истек на шест години сметано од денот кога е избран** за филмски проект од национален интерес во филмската дејност. **Преддоговорот за филмскиот проект „Чувари на формулат" е склучен на 28. 02.2022 година.** Иако поради правната празнина во ЗФД при надзорот не е констатиран прекршок, сепак заради утврдените состојби и заштита на јавниот интерес Записникот од извршениот надзор е доставен на натамошно постапување до Управата за финансиска полиција.

Иако, составен дел од Договорите за финансирање на филмскиот проект, е динамиката за целосна реализација на филмот и финансискиот план и вкупниот буџет за реализација на филмот, дел од продуцентите не се придржуваат до динамиката за реализација на филмот, која е содржана во оперативниот план, а АФ исто така не ја следи реализацијата согласно оперативниот план. Во Договорот е содржана и одредба дека доколку во текот на реализацијата на филмот настанат промени, меѓудругото и промена на планот на реализација потребно е за истиот да одлучи Управниот одбор на АФ. Ваквата практика на АФ на неследење на оперативниот план за реализација на филмскиот проект е во спротивност со ЗФД. Во надлежност на директорот на АФ е да ја следи реализацијата на склучените договори.

Имено, согласно член 18 од ЗФД, Директорот на Агенцијата, ја застапува Агенцијата и одговара за материјално-финансиското работење и за законитоста и економичноста на нејзината работа, и ја раководи, организира, координира и контролира работата на Агенцијата во согласност со закон.

Непридржувањето до Оперативниот план на реализација има влијание и врз планирањето на потребните средства за работа на АФ. Имено, во согласност ЗФД, филмските проекти избрани на Конкурсот треба да се реализираат во рок од пет години, сметано од денот на склучување на преддоговорот со АФ. Во таа смисла, висината на пренесените финансиски обврски од претходните години ја детерминира и динамиката на реализација и финансирање на филмските проекти во тековната година. Оттука, следењето на реализацијата на филмските проекти е задолжителна обврска на АФ, за да може и АФ согласно оперативните планови на филмските продуценти во годините во кои тие треба да се реализираат соодветно да ги предвиди и правично и под исти услови за сите филмски продуценти да им ги додели навремено средствата, особено во фазата за снимање на филмот.

На пример, видно е од погоре приложеното дека покрај тоа што АФ не ја следи реализацијата на договорите за финансирање на филмските проекти, АФ не ги раскинува договорите доколку не се почитуваат одредбите од склучените договори, што е најважно не презема мерки за враќање на доделените буџетски средства. Со ваквиот начин на работа на АФ се оштетува Буџетот на РСМ.

Видно од проектите кои беа опфатени од увидот, Работната група стекна уверување дека во исти околности кога повеќе филмски продуценти ги исполниле условите од преддоговорите и се стекнале со право да склучат договори, директорот на АФ дискреционо избирал со кого ќе склучи договор и на кој продуцент ќе му додели средства за реализација на филмскиот проект. При тоа, на филмските продуценти на кои не им се склучени договорите, на Работната група не и беа презентирани соодветни акти (известувања, одлуки.) со кои директорот на АФ би го оправдал не склучувањето договор со истите. Ваквото постапување остава простор за сомнеж дека директорот на АФ одредени филмски продуценти ги ставил во повластена положба, што создава индиции дека со ваквата работа истиот ја злоупотребил службената положба.

Воедно, Работната група констатираше дека некои проекти се исплатени и до 90 отсто од сумата уште на почеток на снимање, а истите не се ни прикажани.

АФ не води ажурна евиденција за реализацијата на филмските проекти и нетранспарентно и без почитување на законските обврски врши исплата на продуцентските куќи.

**Работната група констатираше дека АФ не ја следи важноста на банкарските гаранции.** За најголем дел од договорите за кои Работната група оствари увид, банкарските гаранции се истечени. Имено, фазата од реализација на филмскиот проект за кои се преведени средства не е завршена, се уште се во реализација, а банкарската гаранција е истечена. **Со ваквиот начин на работа, директорот на АФ не ги заштитил средствата на Агенцијата, кои се буџетски средства и со тоа го оштетува Буџетот на Република Северна Македонија.**[5]

Исто така, може да се констатира дека иако АФ е должна во разумен временски рок да го разгледа извештајот доставен од филмскиот продуцент за потрошени средства за одредена фаза од реализација на проектот (30 дена од денот на поднесување на извештајот) и да ја ослободи банкарската гаранција, АФ заради недостиг на стручен кадар ненавремено ги разгледува извештаите, што влијае и на динамиката на реализација на филмските проекти. Стручниот кадар на

---

[5] Со членот 5 од Договорот е регулирано:

Член 5

(1) Динамиката на исплата за филмот соодвествува со банкарските гаранции од член 6 став 1 на овој Договор, и исплатата од страна на Агенцијата може да се врши процентуално согласно следниве фази:

- до најмногу 20 % од износот дефиниран во член 2 на овој Договор (сметајќи ги вкупно исплатените средства) за подготовка на филмот за продукција;
- до најмногу 70 % од износот дефиниран во член 2 на овој Договор (сметајќи ги вкупно исплатените средства) за продукција на филмот;
- до најмногу 80 % од износот дефиниран во член 2 на овој Договор (сметајќи ги вкупно исплатените средства) за пост-продукција на филмот;
- до најмногу 90 % од износот дефиниран во член 2 на овој Договор (сметајќи ги вкупно исплатените средства) по доставување на финална верзија на филмот за одобрување на најавната и одјавната шпица со јасно истакнато име и лого на Агенцијата за филм;
- до најмногу 100 % од износот дефиниран во член 2 на овој Договор (сметајќи ги вкупно исплатените средства) по позитивен извештај за наменски потрошени средства согласно овој Договор, премиера и предавање на финална копија од филмот и другите материјали во Кинотеката на Македонија дефинирани со член 27 став 2 од овој Договор.

Согласно член 8 од Договорите, е регулирано дека Агенцијата ги ослободува банкарските гаранции од член 6 став 1 во рок од најмногу три дена по позитивен извештај за извршен увид во наменски потрошените средства исплатени за проектот и исполнување на обврски согласно овој Договор и банкарската гаранција му ја враќа на продуцентот лично.

АФ, не е вклучен **во проверката на извештаите за наменски потрошени средства, туку оваа работна обврска е доверена на надворешни соработници кои не поседуваат стручни квалификаации за проверка на извештаите. Со ваквиот начин на работа на АФ се создаваат предуслови за незаконското работење.**

Извештаите со кои Агенцијата го утврдува законското користење на средства не содржат елементи од кои може да се стекне разумно уверување дека потрошените средства се наменски потрошени.

И покрај погоре утврдените негативни констатации од страна на надлежните органи (Државниот завод за ревизија, Министерството за кулура, инспекторите за култура), на Работната група не и беа презентирани активности кои се преземени од АФ и преку кои би се разрешиле ваквите состојби, што создава впечаток дека АФ **работи нетранспарентно, неотчетно, неодговорно, во работата повластува одредена група на продуценти и работи во спротивност со ЗФД и другата позитивна законска регулатива. Работата на АФ е подредена на субјективизмот на мал број на лица кои имаат одлучувачки функции во остварувањето на нејзините надлежности.** Ова може да се заклучи, доколку се погледне листата на вработени и надворешни соработници кои биле ангажирани во вршењето на најважните и највиталните функции во АФ, а кои се однесуваат на следењето на работата и отчетноста во реализацијата на филмските проекти на филмските продуценти. **Вака констатираното работење на АФ создава сомеж за постоење на индиции за прекршување и на Кривичниот законик.**

2. Од стручниот кадар на една институција, е условено успешното и законитото остварување на надлежностите на институцијата. Интегритетот на институциите, но и на службените лица во институциите, особено на тие кои управуваат со буџетски средства е клучен во градењето на силни институции и во создавањето на доверба во институциите. Работата на Агенцијата се врши во најголем дел преку надворешни соработници, а редовно вработените во Агенцијата не се вклучени во работата.[6]

Народниот правобранител во Мислењето НП бр.333/22 од 17.05.2022 година нотира дека постојат индикации дека кон вработен во Аф е извршена повреда на правата од работен однос поради сторено вознемирување на работно место и нееднаков третман (дискриминација) во работен однос од страна на директорот Бојан Лазаревски.

Исто така, во Известувањето на Народниот правобранител наведено е дека *„од привично остварените разговори увидено е дека во Агенцијата за филм се влошени меѓучовечките односи помеѓу вработените, со непочитување на хиреархиската поставеност, непочитување на Законот за административните службеници под кои подлежат вработените во Агенцијата, но и најсуштински со непочитување на Законот за филмската дејност, односно член 18 став 1 алинеја 2".*

[6] Во Агенцијата се вработени 11 лица, што претставува само 31,43% пополнетост на систематизираните места. Во 2022 година се ангажирани 23 лица како надворешни соработници за период пократок од една година. Дел од лицата ангажирани по договор за дело извршуваат работи кои се во рамките на дејноста на Агенцијата без спроведена постапка за исполнетост на условите и квалификациите предвидени за редовно вработените, а на истите им е исплатен надоместок од 12 до 40 илјади денари, што е во повисок износ од износот на исплатената плата на редовно вработените лица.

Во Мислењето на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација бр. 08-116/12 од 17.05.2022 година, Комисијата утврдува *вознемирување врз основа на пол и личен и општествен статус во областа на работата и работните односи насочено кон вработен во АФ извршено од страна на Бојан Лазаревски директор на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија.*

При вршењето на увидот во работата на АФ и Работната група увиде нарушеност на меѓучовечките односи, комуникацијата меѓу вработените во голема мера, се одвива претежно преку електронски пораки, со употреба на непрофесионален и неетички говор.

## В) ЗА НЕЗАКОНСКОТО ФИНАНСИРАЊЕ НА ДРУШТВОТО НА ФИЛМСКИТЕ РАБОТНИЦИ НА МАКЕДОНИЈА

### 1. Меморандум за соработка меѓу Агенцијата за филм на Република Македонија и Друштвото на филмските работници на Република Македонија (2018-2023 година)

АФ и Друштвото на филмски работници на Македонија, на 06.06.2018 година склучиле Меморандум за соработка меѓу Агенцијата за филм на Република Македонија и Друштвото на филмските работници на Република Македонија (во натамошниот текст: ДФРМ) за период од пет години. Врз основа на Меморандумот склучен е и Договор за финансиска поддршка во остварување и реализација на меѓусебната соработка бр. 03-1021 од 07.06.2018 година. Согласно Договорот, АФ е должна да му уплаќа на ДФРМ, месечно, средства во износ од 120.000,00 денари за тековно одржување и организациски развој на ДФРМ, за активности поврзани со членување во други меѓународни организации од областа на дејноста и за преземање на други активности поврзани со унапредувањето на филмската дејност. За доделените средства АФ е должна да изврши увид за наменски потрошените средства во рок од најмногу 30 дена од денот на приемот на извештајот и комплетната докуменација (заедно со завршната сметка) за направени трошоци и исплата, доставени од страна на ДФРМ до архивата на АФ.

АФ врз основа на склучениот Меморандум на ДФРМ за период од пет години му исплатила средства во износ од **7.080.000,00 денари.**

Претседател на ДФРМ е Игор Иванов-Изи, Генерален секретар е Томи Салковски. Заклучно со 01.01.2024 година, Бранко Петровски е претседател на Надзорен одбор на ДФРМ.

Министерството за култура, во повеќе години последователно даваше негативно мислење по годишните извештаи за работа на АФ, меѓу другото и поради незаконското финансирање на ДФРМ.

Имено, согласно член 6 алинеа 8 од ЗФД, проекти од национален интерес во филмската дејност кои се финансираат со средства од Буџетот на Република Македонија се:

1. проекти за производство на домашен долгометражен и краткометражен игран, документарен и анимиран филм и

2. проекти за поддршка за пишување на домашни сценарија, за организирање на домашни фестивали и други филмски манифестации од меѓународен карактер, за дистрибуција на филмови, за развој на кината во Република Македонија, за киноприкажување на филмови, за стручно и професионално усовршување на кадри во областа на филмот, за развој на едукативни програми за унапредување на филмската култура, за поддршка на членството на Република Македонија во меѓународните филмски организации, за поддршка на производство на други аудиовизуелни дела и за поддршка на издавање на публикации од областа на филмската дејност.

Од содржината на овој член од ЗФД, јасно произлегува дека во ЗФД не е содржан правен основ за финансирање на работата на здруженијата од областа на филмската дејност со буџетски средства.

Ваква констатација за непостоење на правен основ, односно за незаконско финансирање на работа ДФРМ на јасен и недвосмислен начин е утврден и од страна на Државниот завод за ревизија, кој во Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија утврдил: *„Со увид во склучениот меморандум за соработка, договорот за финансирање и доставните извештаи и финансиска документација од страна на Друштвото ревизијата утврдивме дека: - Агенцијата, меѓу другото, има надлежност да соработува со здруженијата од областа на филмската дејност како што е уредено со член 10 од Законот за филмската дејност, но со истиот не е утврдена надлежност за финансирање на нивното работење, поради што за склучување на договорот за финансирање на друштвото не се во согласност со закон........ Наведените состојби за исплати од страна на Агенцијата кои се наменети за финансирање на работењето на Друштвото имаат влијание врз законското користење на средствата како и врз развојот, производството, промоцијата, дистрибуцијата и јавното прикажување на филмови што претставува јавен интерес на државата"*.

Индикативно е дека, АФ склучило меморандум и договор за финансирање само на ДФРМ, а не и на некое друго здружение од областа на филмот, иако во РСМ постојат повеќе такви здруженија.

Воедно, Државниот завод за ревизија утврдил и дека дека АФ не врши контрола на наменското и законското користење на средствата што ги исплаќа на ДФРМ.

По ваквата констатација на Државниот завод за ревизија, АФ донела:

- Извештај за извршена контрола на строго доделени наменски парични средства за 2018 година бр. 03-912/1 од 07.06.2022 година, изработен од Соња Кавракова, одобрен од Бранко Петровски, потпишан од директор Бојан Лазаровски,
- Извештај за извршена контрола на строго доделени наменски парични средства за 2019 година бр. 03-913/1 од 07.06.2022 година, изработен од Соња Кавракова, одобрен од Бранко Петровски, потпишан од директор Бојан Лазаровски

- Извештај за извршена контрола на строго доделени наменски парични средства за 2020 година бр. 03-914/1 од 07.06.2022 година, изработен од Соња Кавракова, одобрен од Бранко Петровски, потпишан од директор Бојан Лазаровски.
- Извештај за извршена контрола на строго доделени наменски парични средства за 2021 година бр. 05-1849/1 од 15.12.2023 година, изработен од Соња Кавракова, одобрен од Бранко Петровски, потпишан од вршител на должноста директор Бојан Лазаровски.

**За годините 2022 и 2023 година ДФРМ не доставило до АФ извештаи за потрошени средства. АФ не побарала од ДФРМ да достави извештаи, ниту покренала соодветна судска постапка за недоставените извештаи.**

Извештаите за извршена контрола на доделени парични средства на ДФРМ за годините 2018, 2019, 2020 и 2021 година, во Агенцијата за филм се одобрени од Бранко Петровски, кој истовремено бил и финансиски советник и надворешен соработник на директорот на АФ и претседател на Надзорниот одбор на ДФРМ. Со Договор склучен меѓу ДФРМ и Бранко Петровски од 09.05.2019 година, ДФРМ му доделило средства во износ од 60.000,00 денари за учество во изработка на Предлог на Закон за филмската дејност, иако истиот и во тоа време бил ангажиран од самата АФ, како финансиски советник и како надворешен соработник на директорот на АФ, за што исто така добивал соодветен паричен надомест. Бранко Петровски, во 2024 година е именуван за член на Управниот одбор со одлука на Владата на РСМ, на предлог на ДФРМ.

Дополнително, Министерството за култура со Допис бр. 53-9209/2 од 20.10.2023 година доставен до АФ укажало дека: *„Од приложената документација не може да се утврди дека Бранко Петровски, ги исполнува условите од Законот за филмската дејност за негово именување како финансиски советник. Имено, од приложената документација видно е дека Бранко Петровски бил активен чинител во филската дејност, и тоа како административен службеник во Министерството за култура и во некогашната установа „Вардар филм" Скопје и како извршен и линиски продуцент на аудиовизулени дела, но во приложената документација не постои доказ дека истиот бил филмски продуцент во смисла на дефинициите од Законот за филмската дејност и Законот за авторското право и сродните права. Согласно Законот за филмската дејност мандатот на финансискиот советник се ограничува на една година, и истиот во никој случај не остава простор едно лице исто лице да е именувано за финансиски советник седум години едно по друго. Одредбата имплицира дека за секој конкурс треба да биде именуван различен финанансиски советник. Имено, доколку едно исто лице е именувано за финансиски советник неколку години по ред, на тоа лице му се ускратува можноста за учество на конкурси објавени од страна на Агенцијата за филм, а со тоа и ускратување на професионалните филмски продуценти да го одржат својот континуитет и стручност на својата професија. Воедно, лимитираноста на мандадот треба да оневозможи создавање на околности кои би довеле до реваншизам, пристрасност, субјективност, клиентелизам, судир на интереси и сл. Дополнително Бранко Петровски, со Договор склучен со Агенцијата за филм има*

*надлежност за „следење на филмски проекти (мнозински и малцински) кои се финанисирани од Агенцијата".*

Од увидот во доставената документација на ДФРМ видно е дека ДФРМ по основ на користење на адвокатски услуги вршела месечна исплата на адвокат Снежана Станковиќ во износ од 7.100,00 денари, односно на годишно ниво 85.000 денари ( Снежана Станковиќ била ангажирана како адвокат во ДФРМ во периодот од јуни 2018 заклучно со 2021 г. Со оглед на тоа што за 2022 и за 2023 година не се доставени извештаи од ДФРМ, Работната група не можеше да утврди дали и во 2022 година Снежана Станковиќ е ангажирана од ДФРМ за нивен правен застапник.).

Долгогодишниот адвокат на ДФРМ, Снежана Станковиќ со Решение на Владата бр. 14-1754/ 1 од 22.02.2022 година е именувана за член на Управниот одбор на АФ. Со Решение бр. 15-4935/2 од 06.06.2023 година, на нејзино лично барање Снажана Станковиќ е разрешена од член на Управниот одбор на АФ. ЗФД содржи релативно општи услови за избор на членовите на Управниот одбор, но за член на Управниот одбор е избрано лице кое има тесна деловна соработка не само со ДФРМ, туку и лично со претседателот на ДФРМ Игор Иванов и со генералниот секретар на ДФРМ Томи Салковски. Ваквиот избор на членови на управниот одбор и на ангажирани лица отвора сомнеж дека носењето на одлуки за тоа кои проекти ќе бидат финансирани од страна на АФ е во рацете на неколкумина членови кои имале тесна врска со ДФРМ.

Видно од погоре цитираните извештаи е дека средствата доделени од АФ, ДФРМ ги користело за исплата на надоместоци за адвокатски услуги во износ од 7.100,00 денари месечно, за сметководствени услуги 7.100,00 денари месечно, за одржување и ажурирање на веб домејнот на ДФРМ во износ од 4.200,00 денари месечно, за менаџер на канцаларија на ДФРМ во износ од 22.500,00 денари месечно, за изнајмување на простории во износ од 36.000,00 месечно, за членарина во меѓународни организации во износ од 15.500,00 денари месечно, за трошоци за превоз, репрезентација 15.500,00 денари месечно.

Во доставената документација под име на работни средби на ДФРМ се приложени бројни сметки за храна и пијалоци од различни ресторани, во просек од 150.000,00 денари на годишно ниво. Од увидот во доставената документација, видно е дека средствата не се користени за намени со кои се придонесува кон организациски развој на ДФРМ, ниту пак финансирањето на ДФРМ со средства од Буџетот влијаело на унапредување на филмската дејност. Изготвените извештаи содржат само информација за што се потрошени средствата, без притоа да се утврди дали со тие средства се исполнети обврските од страна на ДФРМ согласно склучениот Меморандум, односно Договор.

Дополнително ДФРМ, под закуп користело простор во Националната установа „Вардар филм", со што се вршело само прелевање на буџетските средства од еден кај друг корисник на буџетски средства, иако за давање под закуп на простории за работа на здруженијата од областа на културата, Министерството за култура го применува Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и во општествена сопственост. По основ на овој Закон, простор на користење им е доделен на ДЛУМ, на ИКОМОС и на други здруженија.

**2. Финансирање на здруженија од областа на филмската дејност согласно јавен повик за финансирање на проектни активности на здруженија од областа на филмската дејност за 2024 година**

И покрај укажувањата на Министерството за култура и на Државниот завод за ревизија дека не постои законски основ да се финансира работата на здруженијата од областа на филмската дејност, АФ во 2023 година донела Правилник за постапка и услови за распределба на средства за финансирање на здруженија од страна на Агенцијата за поддршка на развојот на филмската дејност бр. 01-1632/1 од 19.10.2023 година.

Врз основа на донесениот Правилник, АФ на својата интернет страница објавила Јавен повик за финансирање на проектни активности на здруженија на граѓани од областа на филмската дејност за 2024 година.

Министерството за култура до АФ има доставено Мислење, во кое, меѓу другото, нотира дека: „Донесениот Правилник за постапка и услови за распределба на средства за финансирање на здруженија од страна на Агенцијата за поддршка на развојот на филмската дејност бе. 01-1632/1 од 19.10.2023 година не е во согласност со Законот за филмската дејност. Во Законот за филмската дејност не е содржан основ за донесување на предметниот подзаконски акт- правилник. Доколку во законот бил содржан основ за донесување на предметниот подзаконски акт, истиот ќе бил донесен од министерот за култура. Јавниот повик за финансирање на проектни активности на здренија на граѓани од областа на филмската дејност за 2024 година, исто така не ги содржи филмските проекти кои согласно член 6 алинеја 8 кои Агенцијата за филм има право да ги финансира во постапка пропишана со Законот за филмската дејност. Законот за филмската дејност не содржи основ за финансирање на филмски проекти по пат на јавен повик. Во Законот е содржан основ за финансирање на филмските проекти на конкурс."

Врз основа на јавниот повик, и покрај укажувањето на Министерството за култура, Управниот одбор на АФ донел незаконска Одлука бр. 02- 206/ 2 од 01.02.2024 година, за финансирање на проектни активности на ДФРМ за 2024 година, со која на ДФРМ, повторно незаконски му се доделени средства во износ од 2.200.000,00 денари. Министерството за култура оцени дека наведената Одлука е спротивна на Законот за филмската дејност и за истото со Допис бр. 53-5177/1 од 11.04.2024 година ја извести АФ.

**<u>Г) ЗА КОНКУРС ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ДОЛГОМЕТРАЖЕН И КРАТКОМЕТРАЖЕН ИГРАН, ДОКУМЕНТАРЕН И АНИМИРАН ФИЛМ ЗА 2024</u>**

Врз основа на член 25 став (1) од Законот за филмската дејност („Сл. Весник на РМ" бр.82/13, 18/14, 44/14, 129/15, 152/15, 39/16, 11/18 и 275/19), АФ објавила Конкурс за финансирање на проекти за производство на долгометражен и краткометражен игран, документарен и анимиран филм. Конкурсот е објавен врз

основа на Правилник за поддршка на проекти за производство на долгометражен и краткометражен игран, документарен и анимиран филм бр. 01-217/1 од 30.01.2023 год. – интерен акт кој е изменет/дополнет со две одлуки (Одлука за измена на Правилник за поддршка на проекти за производство на долгометражен и краткометражен игран, документарен и анимиран филм бр. 02-1131/2 од 11.07.2023 год (која ќе се применува од 01.01.2024 год.) и Одлука за измена на Правилник за поддршка на проекти за производство на долгометражен и краткометражен игран, документарен и анимиран филм бр. 02-1176/4 од 04.08.2023 год. **Правилникот не е во согласност со ЗФД. ЗФД не содржи ниту правен основ да донесување на ваков акт**.

Согласно ЗФД евалуација на проектите доставени на Конкурсот се врши согласно Правилникот за поблиски критериуми и мерила за оцена на критериумите за финансирање на филмски проекти од националенен интерес во филмската дејност („Службен весник на РМ" бр.97/14). Основ за донесување на овој правилник е членот 27 став 2 од ЗФД и со истиот се уредени мерилата за оцена на оргиналноста, автентичноста и квалитетот на содржината на сценариото, мерилата за оцена на успешноста на филмскиот продуцент, на режисерот (етаблирани и дебитанти), мерилата за утврдување на изводливоста на филмскиот проект итн.

Во условите на Конкурсот, меѓу другото, се содржани и следните услови:

III. Пријавите доставени по Конкурс нема да бидат рзгледувани и истите ќе бидат одбиени доколку

- се доставени од филмски продуцент кој има забрана за учество на Конкурс по одредени основи предвидени со Законот за филмската дејност;
- се доставени од филмски продуцент кој не ги вратил средствата добиени од Агенцијата за реализација на проект кој не се реализирал во рок од пет години сметано од денот на склучување на преддоговорот
- се доставени од филмски продуцент против кого е поднесена тужба до надлежен суд од страна на Агенцијата.

Според членот 31 ставови (4) и (5) од ЗФД, доколку филмскиот продуцент во рок од 30 дена од усвојувањето на годишната завршна сметка во претходната година со која е утврдено дека остварил добивка од користењето на филмот, а средствата во износ утврден во ставот (1) на овој член не ги уплати на сметка на Агенцијата, тој нема право да учествува на конкурс на Агенцијата во наредните десет години. Забраната од ставот (5) на овој член за учество на конкурс на Агенцијата се објавува на веб страницата на Агенцијата со соопштување на називот на филмскиот продуцент и името на основачот на правното лице.

Согласно член 36 од ЗФД, филмските проекти прифатени на конкурсот од членот 25 став (1) од овој закон во тековната година треба да се реализираат во рок од пет години сметано од денот на склучувањето на преддоговорот од членот 34 од овој закон. Ако филмот не биде завршен во рокот од ставот (1) на овој член, филмскиот продуцент е должен да ги врати средствата добиени од Агенцијата Ако филмскиот продуцент не ги врати средствата добиени од Агенцијата, нема право да учествува на конкурс на Агенцијата во следните десет години сметано од денот кога со акт на Агенцијата е констатирано дека не ги вратил средствата. Забраната

за учество на конкурс на Агенцијата се објавува на веб страницата на Агенцијата. Доколку филмскиот продуцент не ги врати средствата на Агенцијата, Агенцијата против него ќе поднесе тужба до надлежниот суд.

Со членот 39 став (1) од Законот е утврдено дека доколку во рокот од ставовите (8) и (9) на овој член филмските продуценти не достават доказ до Агенцијата дека до Националната установа Кинотека на Македонија, без надоместок, доставиле една копија од филмот употреблива за кинoприкажувањеи дека го понудиле филмот за телевизиско прикажување од ставот (9) на овој член, го губат правото на учество на конкурс во следните десет години.

Условот утврден во Главата III. точки 6 и 7 од Конкурсот не се во согласност со ЗФД.

Имено, забрана за учество на конкурс на Агенцијата за филм е утврдена со членовите 31 став (5), 36 став (3) и 39 став (10) од Законот.

Согласно Законот, во случај кога филмскиот продуцент нема да ги врати средствата уплатени од Агенцијата, Агеницијата е должна против продуцентот, да поднесе тужба до надлежниот суд.

Во Конкурсот не може да бидат содржани условите: „се доставени од филмски продуцент кој не ги вратил средствата добиени од Агенцијата за реализација на проект кој не се реализирал во рок од пет години сметано од денот на склучување на преддоговорот"; и „се доставени од филмски продуцент против кого е поднесена тужба до надлежен суд од страна на Агенцијата."

Согласно Законот, филмскиот продуцент нема право на учество на конкурс на АФ исклучиво доколу за него е објавена забрана за учество согласно посочените одредби. Со разглобувањето на одделени сегменти од самите членови сметаме дека се загрозува уставното начело на презумцијата на невиност.

На интернет страницата на АФ не е објавена забрана за учество на Конкурс на АФ за ниту еден филмски продуцент. Во евиденцијата на АФ, нема евидентирано ниту една тужба за филмски продуценти на кои име се раскинати договорите и не ги вратиле средствата во АФ, а не го реализирале филмскиот проект во рок 5 години. Но во евиденцијата на АФ се евидентирани филмски продуценти на кои им се раскинати договорите и требале да ги вратат добиените средства во буџетот на АФ. Дел од нив тоа го сториле во разумен рок, но дел не ги вратиле средствата.

За раскинати преддоговори не важат одредбите од наведените членови, односно за раскинати преддоговори за кои продуцентот не ги вратил добиените средства, Агенцијата не може да објави забрана за учество на конкурс. Имено со членот 34 ставови (4) и (5) е утврдено:

„(4) Во случај да не ги достави договорите и банкарската гаранција од ставот (3) на овој член, во рокот предвиден со преддоговорот, филмскиот продуцент е должен во рок од 60 дена на сметка на Агенцијата да ги врати средствата добиени со потпишувањето на преддоговорот од ставот (2) на овој член.

(5) Доколку филмскиот продуцент во рокот од ставот (4) на овој член не ги врати средствата на сметка на Агенцијата, Агенцијата против него ќе поднесе тужба до надлежниот суд."

Имајќи предвид дека забрана за учество на конкурс нема објавено за ниту еден филмски продуцент, точките 6 и 7 од главата III од Конкурсот се непрецизни, заради што е потребно АФ истите да ги избрише од конкурсите и конкурсите да се евалуираат исклучиво согласно членовите 26, 27 и 28 од Законот.

Воедно, дефиницијата за копродукциски филм со малцински финансики удел на Република Македонија утврдена во главата I. од Конкурсот е во спротивност со ЗФД ( член 6 алинеа 5 од ЗФД).

## Д) ЗА ИНТЕРНИТЕ АКТИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ФИЛМ КОИ НЕ СЕ ВО СОГЛАСНОСТ СО ЗАКОНОТ ЗА ФИЛМСКАТА ДЕЈНОСТ

Државниот ревизор во конечниот извештај за редовната годишна инспекција на работата на Агенцијата за филм (со продолжена ревизија на Друштво за филмски работници) констатираше: „*Изразивме неповолно мислење во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива за 2021 година*".

Меѓу другото во Ревизискиот извештај е нотирано следново:

„*-Агенцијата не се придржува на задолжителните услови и критериуми од Законот за филмска дејност при објавувањето на конкурси за филмски проекти;*

*- Не се донесени критериуми и процедури за оценување на проектите во Агенцијата за филм;*

*- Не се донесени критериуми за избор и деловник за работа на надворешни рецензенти за оценување на проектите во Агенцијата за филм. Нив ги именувал директорот;*

*- Не се донесени критериуми за избор и деловник за работа на финансиски советник за проектите во Агенцијата за филм;*

*- Не се донесени критериуми и правила за избор на членовите на Филмскиот советот на Агенцијата за филм, а ги именувал директорот.*"

Во контекст на напред наведното Управниот одбор на АФ донел повеќе акти кои ги именувал како правилници, иако за истите не е содржан правен основ во ЗФД, и тоа:

1. Правилник за поддршка на проекти за производство на долгометражен и краткометражен игран, документарен и анимиран филм бр. 01-217/1 од 30.01.2023 год. – интерен акт кој е изменет/дополнет со две одлуки (Одлука за измена на Правилник за поддршка на проекти за производство на долгометражен и краткометражен игран, документарен и анимиран филм бр. 02-1131/2 од 11.07.2023 год (која ќе се применува од 01.01.2024 год.) и Одлука за измена на Правилник за поддршка на проекти за производство на долгометражен и краткометражен игран, документарен и анимиран филм бр. 02-1176/4 од 04.08.2023 год. (која исто ќе се применува од 01.01.2024 год.). **Овој Правилник не е во согласност со ЗФД и АФ треба да го поништи.**

2. Правилник за постапка и услови за распределба на средства за финансирање на здруженија од страна на Агенцијата за поддршка на развојот на филмската дејност бр. 01-1632/1 од 19.10.2023 година. **Овој Правилник не е во согласност со ЗФД и АФ треба да го поништи.**
3. Деловникот за работа на финансиските советници на Агенцијата за филм на Република Северна Македонија бр. 01-1074/2 од 11. 07.2023 година. **Деловникот не во согласност со ЗФД и АФ треба да го поништи.**
4. Деловник за работа на филмски рецезенти на Агенцијата за филм бр.01-1074/3 од 11.07.2023 година. **Деловникот не во согласност со ЗФД и АФ треба да го поништи.**

Погоре наведените укажувања на Државниот завод за ревизија соодветно треба да се имплементираат преку измени на постојната законска регулатива или преку донесување на нова законска регулатива.

Во меѓувреме, АФ треба да донесе процедури за работа во кои ќе бидат содржани сите чекори поврзани со процесот на работата на АФ.

Системот за управување со квалитетот и заедничката рамка за процена на работењето и давањето на услуги во државната служба е воведен со Законот за воведување на систем за управување со квалитет и заедничката рамка за процена на работењето и давањето на услуги во државната служба („Службен весник на РМ" бр. 69/13 и 193/15).

Согласно член 5 од Законот, во органите, со цел за подобрување на управувањето со квалитетот во работењето и давањето на услуги, се воведува најмалку основниот стандард ИСО 9001, а во зависност од надлежностите на органите може да се воведат и други типови ИСО или македонски стандарди кои ќе го надополнуваат основниот стандард, а се однесуваат на спецификите на органите.

## Ѓ) ЗА ФИЛМСКИ ПРОЕКТИ ЗА КОИ ПРЕДДОГОВОРИТЕ И ДОГОВОРИТЕ СЕ РАСКИНАТИ:

Во евиденцијата на АФ се водат нереализирани проекти и од 2009 година, за кои АФ нема информација зошто истите не се затворени. (согласно ЗФД секој филмски проект кој е избран на конкурсот мора да се реализира во рок од пет години сметано од денот на склучување на преддоговорот).

Од страна на АФ на Работната група и беше приложена листа со наслов „Проекти – филмови и играни серии за кои заклучно со 31.12.2023 година е превземена постапка за престанок на финансирање од Агенцијата за филм на РМ Скопје."

Во наведената Листа нотирани се:

**1. „Бучно" од Ака филм** – Склучен Преддоговор бр. 03-276/1 од 26.05.2010 година, со вкупен износ за финансирање од 12.000.000,00 денари. Во текот на 2010 година (септември и декември) од страна на АФ е извршена исплата на средства во вкупен износ од 600.000,00 денари. Преддоговорот е раскинат во 2018 година и со допис бр. 08-348/1 од 21.2.2018 година АФ го задолжила продуцентот да ги врати

исплатените средства, кои до денес не се вратени на сметка на Агенцијата. На Работната група не и беше презентирано дали е поднесена тужба пред надлежен суд.

**2. „Мајсторот' од Продукција Видик ДОО Скопје** – Склучен е Преддоговор бр. 03-274/7 од 29.12.2011 година, со вкупен износ за финансирање од 30.000.000,00 денари. Во 2014 година исплатени се средства во вкупен износ од 1.500.000,00 денари. Известување за раскинување на Договорот е доставено во декември 2017 година и повторно во јуни 2018 година. Продуцентот со Решение од 29.12.2017 година е задолжен овие средства да ги врати. Од страна на продуцентот е извршено враќање на 188.139,00 денари. На работната група не и беше презентирано дали е доставено барање, или е покрената тужба пред надлежен суд за враќање на остатокот од средства во износ од 1.311.861,00 денар.

**3. „Земја на праските" од Филм на работилница на национални културни вредности** – Склучен Преддоговор бр. 03-421/1 од 24.06.2013 година и склучен Договор бр. 03-93/8 од 17.03.2016 година, со вкупен износ на средства од 12.000.000,00 денари. Во текот на 2013, 2015 и 2016 година од страна на Агенцијата за филм исплатени се средства во вкупен износ од 8.400.000,00 денари. Договорот е раскинат на 27.11.2017 година и доставено е Решение за враќање на средства на 01.03.2018 година. Средствата до денес не се вратени на сметка на Агенцијата, а на Работната група не и беше презентирано дали е поднесена тужба пред надлежен суд.

**4. „Омниблуз – ако утре го снема сонцето" од ДМФ Доо** – Склучен Преддоговор бр. 03-729/2 од 16.7.2014 година и Договор бр. 08-284/1 од 03.02.2017 година, со вкупен износ на средства за финансирање од 12.000.000,00 денари. Во текот на 2015 и 2017 година од страна на Агенцијата за филм исплатени се средства во вкупен износ од 8.400.000,00 денари. Договорот е раскинат на 29.12.2017 година и продуцентот е задолжен исплатените средства да ги врати на сметка на Агенцијата за филм. Од страна на продуцентот во 2018 година извршено е враќање на средства во вкупен износ од 8.238.056,00 денари. На Работната група не и беше презентирано дали е поднесена тужба пред надлежениот суд за враќање на остатокот на средствата.

**5. „Цар Самоил" – Хоризонт филм** - Склучен Преддоговор бр. 03-662/1 од 30.06.2014 година, со вкупен износ на средства за финансирање од 30.000.000,00 денари. Во текот на 2014 година од страна на Агенцијата за филм исплатени се средства во вкупен износ од 1.500.000,00 денари. Преддоговорот е раскинат на 14.03.2018 година, а со Решение од 14.03.2018 година продуцентот е задолжен исплатените средства да ги врати на Агенцијата за филм. Средствата до денес не се вратени на сметка на Агенцијата, а на Работната група не и беше презентирано дали е поднесена тужба пред надлежен суд.

**6. „Шеќерно дете" – Скопје филм студио** - Склучен Преддоговор бр. 03-22/6 од 30.04.2015 година, со вкупен износ на средства за финансирање од 46.000.000,00 денари. Во текот на 2015 година од страна на Агенцијата за филм преведени се средства во вкупен износ од 2.300.000,00 денари. Од страна на продуцентот е доставен извештај за потрошени средства, во вкупен износ од 2.226.745,00 денари. Преддоговорот е раскинат на 21.05.2018 година и со Решение од 21.05.2018 година

продуцентот е задолжен исплатените средства да ги врати на сметка на Агенцијата за филм. Средствата до денес не се вратени на сметка на Агенцијата, а на Работната група не и беше презентирано дали е поднесена тужба пред надлежен суд.

7. **„Свеќарката" – Смалл Мовес** - Склучен Преддоговор бр. 03-116/2 од 23.06.2016 година, со вкупен износ на средства од **36.000.000,00 денари.** Во текот на 2017 година од страна на Агенцијата за филм исплатени се средства во вкупен износ од **1.800.000,00 денари.** Преддоговорот е раскинат на 05.04.2018 година и со Решение од 05.04.2018 година, продуцентот е задолжен исплатениот износ на средства на ги врати на сметка на Агенцијата за филм. Средствата до денес не се вратени на сметка на Агенцијата, а на Работната група не и беше презентирано дали е поднесена тужба пред надлежен суд.

8. **„Кога дрвјата паѓаат" – Фокус Ин** - Склучен Преддоговор бр. 08-264/3 од 31.03.2017 година, со вкупен износ на средства од **5.500.000,00 денари.** Во текот на 2017 година од страна на Агенцијата за филм исплатени се средства во вкупен износ од **275.000,00 денари.** Преддоговорот е раскинат на 01.02.2018 година и со Решение од 01.02.2018 година, продуцентот е задолжен исплатениот износ на средства на ги врати на сметка на Агенцијата за филм. Средствата до денес не се вратени на сметка на Агенцијата, а на Работната група не и беше презентирано дали е поднесена тужба пред надлежен суд.

9. **„Алхемија на звукот" – Наше маало продукција** - Склучен Договор на 13.10.2010 година, со вкупен износ на средства од **600.000,00 денари.** Во текот на 2010 и 2012 година од страна на Агенцијата за филм исплатени се средства во вкупен износ од **480.000,00 денари.** Овој Договор е раскинат дури на 24.01.2018 година. Нема податок дали е поднесена тужба пред надлежен суд.

10. **„Каубој Македонски" – Дрим фектори** - Склучен Преддоговор бр. 03-423/2 од 13.10.2015 година, со вкупен износ на средства од **1.200.000,00 денари.** Во текот на 2015 година страна на Агенцијата за филм исплатени се средства во вкупен износ од 60.000,00 денари. Преддоговорот е раскинат на 26.2.2018 година. Од страна на продуцентот вратен е износ од 25.887,00 денари. На Работната група не и беше презентирано дали е поднесена тужба пред надлежен суд за враќаме на преостанатиот дел од средствата во вкупен износ од 34.113,00 денари.

11. **„Играта заврши" – Мотион Универсе** - Склучен Договор бр. 03-68/1 од 29.01.2010 година во вкупен износ на средства од **2.200.000,00 денари.** Во текот на 2010 година (март, септември и октомври) Агенцијата за филм исплатила средства во вкупен износ на средства од **1.980.000,00 денари.** Овој Договор е раскинат дури во јануари 2018 година. Согласно добиената листа наведен е податок од 220.000,00 денари (што упатува дека од страна на продуцентот има некаков поврат на средства, но Работната група нема конкретен податок дали и колку средства се уплатени на сметка на Агенцијата и дали е поведена постапка пред надлежен суд). Агенцијата во својата евиденција води дека овој продуцент должи на Агенцијата средства во вкупен износ од 1.980.000,00 денари.

12. **„Денови како домино" – Круг филм** - Склучен Преддоговор бр. 03-429/2 од 28.09.2015 година и Договор бр. 03-747/9 од 09.12.2016 година, со вкупен износ на средства од **1.000,000,00 денари.** Во текот на 2015 и 2016 година од страна на

Агенцијата за филм исплатени се средства во висина од 700.000,00 денари. Договорот е раскинат на 16.02.2021 година. Од добиената листа може да се констатира дека од страна на продуцентот има уплата на средства во износ од 650.546,00 денари, но Агенцијата за филм сеуште води дека овој продуцент должи 700.000,00 денари. На работната група не и презентиран податок дали доколку се вратени од продуцентот 650.546,00 денари,дали е баран остатокот од средства во износ од 49.454,00 денари.

13. **„Стравот и љубовта" – Гејзер** - Склучен Преддоговор 03-374/6 од 21.09.2016 година со вкупен износ на средства од 30.000.000,00 денари. Во текот на 2016 и 2017 година од страна на Агенцијата исплатени се средства во вкупен износ од 1.500.000,00 денари. Преддоговорот е раскинат дури на 01.08.2019 година и продуцентот е задолжен со Известување бр. 08-24/3 од 10.1.2019 година да ги врати исплатените средства. Во 2024 година директорот потпишал Изјава за доспеаност. На работната група и беше презентирана листа со наслов: „Предмет Извештај на предмети за кои треба да се поведе постапка за наплата на долг со предлог за издавање на нотарски платен налог врз основа на веродостојна. Работната група нема податок дали е поведена постапка. Меѓутоа во времето на поднесување на Изјавата не бил истечен рокот од пет години за поднесување на тужба па се поставува прашањето зошто директоот не дал налог да се утужи овој субјект за долгуваниот износ.

14. **„Гласови" – Њу медиа.** Склучен Преддоговор бр. 08-272/4 од 14.03.2017 година, со вкупен износ на средства од 8.000.000,00 денари. Во текот на 2017 година од страна на Агенцијата за филм исплатени се средства во вкупен износ од 400.000,00 денари. Преддоговорот е раскинат на 10.4.2019 година. Средствата до денес не се вратени на сметка на Агенцијата, а на Работната група не и беше презентирано дали е поднесена тужба пред надлежен суд.

15. **„Некрстени денови" – Стори скоп.** Склучен Преддоговор бр. 08-263/4 од 04.03.2017 година со вкупен износ на средства од 6.500.000,00 денари. Во 2017 година од страна на Агенцијата исплатени се средства во вкупен износ од 325.000,00 денари. Преддоговорот е раскинат на 5.4.2019 година. Средствата до денес не се вратени на сметка на Агенцијата, а на Работната група не и беше презентирано дали е поднесена тужба пред надлежен суд.

16. **„Да си докажам себе си" – Мунлајт.** Склучен Преддоговор бр. 08-960/4 од 31.05.2018 година, со вкупен износ на средства од 1.000.000,00 денари. Во текот на 2018 година од страна на Агенцијата за филм исплатени се средства во вкупен износ од 50.000,00 денари. Преддоговорот е раскинат на 19.02.2021 година. Средствата до денес не се вратени на сметка на Агенцијата, а на Работната група не и беше презентирано дали е поднесена тужба пред надлежен суд.

17.**„Обетки" – Кавал.** Склучен Преддоговор бр. 08-56/3 од 23.03.2019 година, со вкупен износ на средства од 800.000,00 денари. Во текот на 2019 година од страна на Агенцијата за филм исплатени се средства во вкупен износ од 40.000,00 денари. Преддоговорот е раскинат на 08.03.2021 година. Средствата до денес не се вратени на сметка на Агенцијата, а на Работната група не и беше презентирано дали е поднесена тужба пред надлежен суд. Доколку не е поднесена тужба,треба веднаш да се поднесе бидејќи рокот за поднесување на тужба не е истечен

**18. „Бет" – Ики филм.** Склучен Преддоговор бр. 03-412/6 од 28.12.2016 година, со вкупен износ на средства од 580.000,00 денари. Во текот на 2017 година од страна на Агенцијата за филм исплатени се средства во вкупен износ од 29.000,00 денари. Преддоговорот е раскинат на 02.07.2019 година. Средствата до денес не се вратени на сметка на Агенцијата, а на Работната група не и беше презентирано дали е поднесена тужба пред надлежен суд.

**19. „Ловец на звуци" – Квазар филм.** Склучен Преддоговор бр. 03-110/2 од 28.02.2011 година и Договор бр. 03-110/4 од 25.05.2011 година, со вкупен износ на средства од 5.000.000,00 денари. Во текот на 2011 и 2013 година од страна на Агенцијата за филм исплатени се средства во вкупен износ од 4.000.000,00 денари. Преддоговорот е раскинат на 08.1.2019 година. Од страна на АФ доставено е известување за враќање на доделените средства на 10.1.2019 година, и повторно на 11.7.2023 година, а на 23.1.2024 година директорот на АФ потпишал изјава за доспеаност. Средствата до денес не се вратени на сметка на Агенцијата, а на Работната група не и беше презентирано дали е поднесена тужба пред надлежен суд. Во Презентираната листа со наслов: „Предмет Извештај на предмети за кои треба да се поведе постапка за наплата на долг со предлог за издавање на нотарски платен налог врз основа на веродостојна", нотиран е овој проект но Работната група нема податок дали е поведена постапка.

**20. „За тебе" – Свевен.** Склучен Преддоговор бр. 08-114/3 од 02.02.2022 година, со вкупен износ на средства од 900.000,00 денари. Во текот на 2022 година од страна на Агенцијата за филм исплатени се средства во висина 45.000,00 денари. Преддоговорот е раскинат на 03.06.2022 година. Од добиената листа може да се констатира дека од страна на продуцентот има уплата на средства во износ од 44.600,00 денари.

**21. „Право кон ѕвездите"** - Склучен Преддоговор бр. 03-123/3 од 29.02.2016 година и Договор бр. 08-254/4 од 19.02.2017 година, со вкупен износ на средства од 2.000.000,00 денари. Во текот на 2016 и 2017 година од страна на Агенцијата за филм исплатени се средства во вкупен износ од 1.600.000,00 денари. Договорот е раскинат дури на 25.11.2022 година. Средствата до денес не се вратени на сметка на Агенцијата, а на Работната група не и беше презентирано дали е поднесена тужба пред надлежен суд.

**22. „Човек од машина" – Трис филмс.** Склучен Преддоговор бр. 08-107/3 од 24.01.2020 година, со вкупен износ на средства од 2.300.000,00 денари. Во текот на 2020 година од страна на Агенцијата за филм исплатени се средства во вкупен износ од 115.000,00 денари. Преддоговорот е раскинат на 17.11.2022 година. Средствата до денес не се вратени на сметка на Агенцијата, а на Работната група не и беше презентирано дали е поднесена тужба пред надлежен суд.

**23. „Цим" – Скопје филм студио.** Склучен Преддоговор бр. 08-31/2 од 13.01.2020 година, со вкупен износ на средства од 2.700.000,00 денари. Во текот на 2020 година од страна на Агенцијата за филм исплатени се средства во вкупен износ од 135.000,00 денари. Преддоговорот е раскинат на 17.11.2022 година. Средствата до денес не се вратени на сметка на Агенцијата, а на Работната група не и беше презентирано дали е поднесена тужба пред надлежен суд.

**24. „Вечерен акт" – Кино око.** Склучен Преддоговор бр. 08-1174/4 од 04.09.2019 година, со вкупен износ на средства од 34.800.000,00 денари. Во текот на 2019 година од страна на Агенцијата за филм исплатени се средства во вкупен износ од 1.740.000,00 денари. Преддоговорот е раскинат на 17.11.2022 година. Средствата до денес не се вратени на сметка на Агенцијата, а на Работната група не и беше презентирано дали е поднесена тужба пред надлежен суд.

**25. „Диши длабоко" – Дедли сириус ентертајмент.** Склучен Преддоговор бр. 08-54/3 од 20.03.2019 година, со вкупен износ на средства од 900.000,00 денари. Во текот на 2019 година од страна на Агенцијата за филм исплатени се средства во вкупен износ од 45.000,00 денари. Преддоговорот е раскинат на 26.11.2021 година. Средствата до денес не се вратени на сметка на Агенцијата, а на Работната група не и беше презентирано дали е поднесена тужба пред надлежен суд.

**26. „Од пепел и прав до небес" – Реал филм продакшн.** Склучен Преддоговор бр. 08-321/3 од 03.03.2021 година, со вкупен износ на средства од 1.800.000,00 денари. Во текот на 2021 година од страна на Агенцијата за филм исплатени се средства во вкупен износ од 90.000,00 денари. Преддоговорот е раскинат на 06.04.2023 година. Средствата до денес не се вратени на сметка на Агенцијата, а на Работната група не и беше презентирано дали е поднесена тужба пред надлежен суд.

**27. „Јон против галаксијата" – Линкс студиос Дооел – Скопје.** Склучен Преддоговор бр. 03-342/8 од 01.12.2016 година и Договор бр. 08-1127/16 од 24.07.2018 година, со вкупен износ на средства од 16.000.000,00 денари. Во текот на 2017, 2018 и 2020 година од страна на Агенцијата за филм исплатени се средства во вкупен износ од 12.400.000,00 денари. Договорот е раскинат на 22.09.2023 година. Средствата до денес не се вратени на сметка на Агенцијата, а на Работната група не и беше презентирано дали е поднесена тужба пред надлежен суд. Во Презентираната листа со наслов: „Предмет Извештај на предмети за кои треба да се поведе постапка за наплата на долг со предлог за издавање на нотарски платен налог врз основа на веродостојна", нотиран е овој проект но Работната група нема податок дали е поведена постапка.

**28. „Сами" – Ново македонско видео.** Склучен Преддоговор бр. 03-959/3 од 29.05.2018 година и Договор бр. 08-959/11 од 17.12.2018 година, со вкупен износ на средства од 2.500.000,00 денари. Во текот на 2018 година од страна на Агенцијата за филм исплатени се средства во вкупен износ од 2.000.000,00 денари. Договорот е раскинат на 26.12.2023 година. Средствата до денес не се вратени на сметка на Агенцијата, а на Работната група не и беше презентирано дали е поднесена тужба пред надлежен суд..

**29. „Македонија" – Јадран филм.** Склучен Договор бр. 03-254/3 од 10.02.2016 година, со вкупен износ на средства од 283.000.000 денари. Во текот на 2016 година од страна на Агенцијата за филм исплатени се средства во вкупен износ од 49.332.009,00 денари. Средствата до денес не се вратени на сметка на Агенцијата. На Работната група не и беше презентиран податок дали за враќање на средствата АФ поднела тужба до надлежниот суд.

Согласно наведената Листа, АФ врз основ на донесени Решенија за враќање на средства, треба да наплати вкупен износ на средства (во овие средства не влегуваат средствата од играната серија „Македонија") од 43.987.901 денар.

Поради ненавремено преземање на законски дејствија за раскинување на преддоговорите и договорите за финансирањето на филмските проекти постои ризик побарувањата за враќање на средствата да застарат и да не може да бидат наплатени по судски пат, што е работа спротивна на закон и претставува оштетување на буџетот. Во случај кога доделените средства филмскиот продуцент не ги враќа на сметка на АФ, директорот и управниот одбор се должни да ги бараат во судска постапка, со навремено поднесување на тужба. Со ненавременото поднесување на тужби одговорните лица во АФ им овозможуваат на филмските продуценти без правен основ да се стекнат со парични средства (стекнување без основ или т.н. неосновано збогатување), што може да претставува основ за злоупотреба на службената положба.

Согласно член 36 од ЗФД, филмските проекти прифатени на конкурсот од членот 25 став (1) од овој закон во тековната година треба да се реализираат во рок од пет години сметано од денот на склучувањето на преддоговорот од членот 34 од овој закон. Ако филмот не биде завршен во рокот од ставот (1) на овој член, филмскиот продуцент е должен да ги врати средствата добиени од Агенцијата. Ако филмскиот продуцент не ги врати средствата добиени од Агенцијата, нема право да учествува на конкурс на Агенцијата во следните десет години сметано од денот кога со акт на Агенцијата е констатирано дека не ги вратил средствата. Забраната за учество на конкурс на Агенцијата се објавува на веб страницата на Агенцијата. Доколку филмскиот продуцент не ги врати средствата на Агенцијата, Агенцијата против него ќе поднесе тужба до надлежниот суд.

Видно од објавите на веб страницата на АФ е дека дел од филмските продуценти на кои договорите им се раскинати и кои не ги вратиле средствата во АФ, учествувале и во следните конкурси за финансирање на проекти од национален интерес во филмската дејност. Со неповедувањето на соодветни постапки пред надлежните судови, АФ оневозможува да биде објавена забрана за учество на конкурс, со што им овозможува филмските продуценти без исполнети обврски кон АФ (или Националната установа Филмски фонд на Република Македонија – Скопје) да можат да учествуваат на конкурсите на АФ.

Имено, согласно член 26 став (2) алинеја 5 од ЗФД, филмскиот продуцент на Конкурсот за финансирање на филмски проекти од национален интерес во филмската дејност до Агенцијата доставува барање со документација утврдена со закон, а меѓудругото и изјава дека филмскиот продуцент ги исполнил сите обврски кон Агенцијата, односно кон поранешната Национална установа Филмски фонд на Република Македонија – Скопје за други проекти финансирани со средства од Буџетот на Република Македонија.

Во постапката на одлучување по конкурсите, АФ е должна по службена **должност да ја провери изјавата на продуцентот дека ги исполнил сите обврски кон АФ односно кон Филмскиот фонд и доколку не се исполнети сите обврски, АФ ќе ја отфрли пријавата на филмскиот продуцент.**

За селективноста во постапувањето на АФ во однос на одредени филмски продуценти, укажува и случајот Банана филм Скопје и АФ[7]. Имено, во тој случај АФ по службена должност ја проверила изјавата на продуцентот Банана филм од Скопје, дека ги исполнил сите обврски кон АФ односно кон Филмскиот фонд и согласно тоа АФ не ја отфрлила пријавата на филмскиот продуцент Банана филм од Скопје и за овој продуцент управниот одбор донел одлука за избор на филмски проект, (одлука објавена и на веб страницата на АФ). Подоцна управниот одбор, со непочитување на принципот на владеење на правото и презумпцијата на невиност, донел незаконита одлука да се прекине финансирањето на сите проекти на Банана филм, во сопственост на режисерот Милчо Манчевски. На ваков начин е очигледна тенденциозноста, незаконитоста и селективноста во постапувањето натогашниот директор на Аф Бојан Лазаревски и на тогашниот УО.

**Вака констатираната состојба ја доведува во прашање и целокупната законитост на одлучување по сите досегашни конкурси објавени од страна на АФ.**

**<u>Е) ФИЛМСКИ ПРОЕКТИ ВО ФАЗА НА РЕАЛИЗАЦИЈА:</u>**

Од страна на АФ на Работната група, врз основа на случаен избор и беа доставени следниве филмски проекти, за кое е констатирано следново:

1. Филмскиот проект **„Човек против јато"**, во режија на Тамара Котевска, филмски продуцент „Аполо Креативни Решенија ДООЕЛ Скопје" е избран со Одлука бр. 02-1711/11 од 05.12.2019 година како долгометражен игран филм со македонски мнозински удел – дебитант, со средства во износ од 23.000.000,00 денари. Во согласност со член 34 од ЗДД е склучен Преддоговор бр. 08-1249/4 од 27.12.2019 година. Согласно Преддоговорот, филмскиот продуцент е должен во рок од две години сметано од денот на склучување на Преддоговорот да ја достави документацијата од членот 34 став (3) од ЗФД, со што се стекнува со право за склучување на договор за финансирање на филмскиот проект. Овој рок е продолжен еднаш до 28.06.2022 година и уште еднаш до 27.12.2022 година. На 26.12.2022 година, доставено е барање за склучување на договор. Во периодот од 26.12.2022 година заклучно со 21.02.2024 година, ниту АФ, ниту филмскиот продуцент не презеле дејствија од кои може да се утврди дали преддоговорот е сеуште во важност. На 21.02.2024 година, режисерот и филмскиот продуцент Аполо Креативни Решенија ДООЕЛ Скопје поднеле барање до Управниот одбор на АФ за промена на филмскиот продуцент. Министерството за култура, по барање на АФ за предметното прашање за промена на продуцент достави мислење бр. 53-5003/2 од 12.04.2024 година.

2. Филмски проект **„ПАРК"** во режија на Сабедин Али, филмски продуцент „Визиони плус" е избран со Одлука бр. 02-1636/ 48 од 23.12.2021 година, со износ од 15.000.000,00 денари. Преддоговор е склучен на 28.02.2022 година, по што на филмскиот продуцент му се преведени средства во износ од 750.000,00 денари. Договор е склучен на 28.04.2022 година. Согласно Оперативниот план филмот требал да биде завршен во март 2023 година. Со Решение од 09.05.2023 година на

[7] За овој проект детално е образложено во главата Е) Филмски проекти во фаза на реализација точка 17.

филмскиот продуцент му се префрлени 70% од средствата во износ од 9.750.000,00 денари. АФ на 05.06.2023 побрала нова банкараска гранција, до моментот на вршење на увидот не е доставена нова банкарска гранција. Иако, средствата на филмскиот продуцент му се преведени пред една година до АФ, не е доставен извештај за потрошените средства, ниту банкарска гранција за износот на средствата кои му се преведени на филмскиот продуцент.

3. Филмски проект **„Падот на Балканскиот ѕид"**, режисер Кристина Атовска, филмски продуцент „ИН ДИГИТАЛ ДООО Скопје", избран со Одлука бр.02-553/6 од 26.03.2021 година како долгометражен документарен филм со македонски мнозински удел, со средства во износ од 2.000.000,00 денари. Склучен е Преддоговор бр. 08-715/3 од 18.10.2021 година. Со решение на филмскиот продуцент му се преведени 5% од вкупниот износ на средства во износ од 100.000,00 денари. Со оглед на тоа што рокот од две години сметано од денот на склучување на Преддоговорот, во кој филмскиот продуцент е должен да ја достави документацијата од член членот 34 став (3) од ЗФД, не е продложен, АФ треба да го раскине Договорот и да бара враќање на доделените средства.

4. Филмски проект **„Кодот на Преспа"**, режисер Николче Поповски, сценарист Борјан Јовановски, продуцент „Стримон филм", е избран со Одлука бр.02-1094/ 3 од 09.07.2019 година како долгометражен документарен дебитантски филм, со средства во износ од 2.000.000.00 денари. Преддговор бр.08-1177/3 е склучен на 04.09.2019 година, со Решение бр. 08-1177/4 од 16.10.2019 година на филмскиот продуцент му се преведени 5% од средствата во износ од 100.000,00 денари. Според Оперативниот план, филмот требал да биде завршен до 1.12.2020 година. Договор бр.08-1177/13 е склучен на 26.12.2019 година, а 70% од средствата во износ од 1.500.000, 00 денари се преведени на 27.12.2019 година. Доставената банкарска гранција со важност до 01.04.2021 година. Не е доставена нова банкарска гаранција. Рокот од 5 години за реализација на филмот истекува на 04.09.2024 година. Доколку во овој рок продуцентот не го достави првиот стандарден примерок на филмот до АФ, АФ ќе треба да го раскине договорот и да бара враќање на доделените средства. АФ ниту побарала банкарска гаранција со валидна важност, ниту побарала извештај за раеализација на проектот.

5. Филмски проект **„Татковина-споменик на слободата"**, режисер Елена Чемерска, филмски продуцент „Синема Футура" избран со Одлука бр. 02-1838/3 од 06.12.2018 година како долгометражен документарен дебитански филм, со средства во износ од 800.000,00 денари. Преддоговор бр.08-52/3 е склучен на 15.02.2019 година. Со Решение бр.08-52/4 од 14.93.2019 година, преведени се средства во износ од 40.000 денари. Рокот од преддоговорот, на 25.02.2021 година е продолжен до 06.09.2021 година. Договорот бр.08-271/17 е склучен на 27.09.2021 година. Со Решение бр.08-271/18 од 04.10.2021 година на корисникот му се преведени 65% од средствата во износ од 520.000,00 денари. Филмскиот продуцент доставил извештај за наменско користење на 70% од средствата. Со Одлука бр.02-1467/3 од 25.11.2022 доделени се дополнителни средства од 200.000,00 денари за што е случен анекс на договор бр.08-837/8 од 09.12.2022. Важноста на банкарската гаранција истекла на 21.12.2023 година Согласно преддоговорот филмот треба да е завршен до 15.02.2024 година.

6. Филмски проект **„Време на бетон"**, режисер Игор Иванов, филмски продуцент „Скопје филм студио", избран со Одлука бр. 02-117/3 од 21.07.2020 година како долгометражен игран мнозински филм со износ од 2.500.000,00. АФ на филмскиот продуцент му превела 80% од средствата, чие наменско користење е потврдено со извештај од АФ. За преостанатите 20% не е доставена банкарска гаранција. Филмот имал премиера на 18.04.2024 година. Според Оперативниот план филмот требал да биде завршен до 08.09.2021 година.

7. Филмски проект **„Рид"**, режија Бруно Гамули, продуцент „Круг филм", Дејан Крајчевски, избран со Одлука бр. 02-553/19 од 26.03.2021 година како долгометражен игран филм со македонски малцински удел. Преддоговор бр. 08-722/4 е склучен на 18.10.2021 година. Со решение бр.08-722/5 од 22.10.2021 година на корисникот му се преведени средства во износ од 200.000,00 денари. Со Анекс на преддоговор, рокот со кој е задолжен филмскиот продуцент во рок од две години сметано од денот на склучување на Преддоговорот да ја достави документацијата од член членот 34 став (3) од ЗФД, е продолжен до 18.04.2024 година. Во Преддоговорот не е содржан основ за дополнителен рок. Во време на вршење на увидот во АФ, филмскиот продуцент немаше доставено барање до АФ за склучување на договор, поради што АФ е потребно да го раскине преддоговорот и да бара враќање на доделените средства.

8. Филмски проект **„Тајната на голиот рид"**, режисер Игор Алексов, филмски продуцент „Сити стар продукција", избран со Одлука бр. 02-1636/55 од 23.2021 година како долгометражен дебитантски игран филм со македонски мнозински удел, со средства во износ од 15.000.000,00 денари. Преддоговор бр. 08-101/4 е склучен на 09.02.2022 година. Рокот на Преддоговорот истекол на 09.02.2024 година. На 05.04.2022 година и на 05.08.2022 година, филмскиот продуцент поднел барање за дополнителни средства, на кое од АФ не добил одговор.

9. Филмски проект **„Скендер бег во Скопје"**, режисер Кастриот Абдили, филмски продуцент „Дарданиа филм" избран со Одлука бр.02-145/3 од 24.01.2018 година како долгометражен документарен мнозински филм со износ од 2.500.000,00. Преддоговор бр. 08-289/4 склучен на 17.04.2018 година. Со Решение бр. 08-289/6 од 26.04.2018 на филмскиот продуцент му се преведени средства во износ од 125.000,00 денари, чие наменско користење на средствата е утврдено со извештај на АФ. Договорот склучен на 08-29/4 од 10.01.2020 година, со приложена банкарка гранција со важност со 26.10.2020 година. Со Решение бр.08-29/5 од 14.02.2020 година преведени 70% од средствата во износ од 1.625.000,00 денари. Рокот за завршување на филмот бил 17.04.2023 година, кој со Одлука е продлжен до 17.08.2023 година. Во документацијата за филмот, постои известување од продуцентот дека е доставено дцп за филмот до АФ (на Работната група не и беше презентирано дали има доказ дека истото е доставено), нема извештај за наменски потрошени средства, нема информација дали една копија од филмот употреблива за кинoприкажување е доставена до Кинотека на Македонија. .

10. Филмски проект **„19"**, режисер Косара Митиќ,[8] филмски продуцент „Црна Мачка" (Кристијан Буровски и Томи Салковски), избран со Одлука бр.02-1102/24 од

[8] Со Записник за извршен инспекциски надзор ИП1 57-82 од 27.11.2023 година, кој е направен по барање на Државната комисија за спречување на корупцијата, по основ за постоење на судир на интереси во

04.08.2021 година, како долгометражен игран филм со македонски мнозински удел-дебитантски со износ од 23.000.000,00. Преддоговор бр.08-607/8 е склучен на 18.10.2021 година. Договорот е склучен на 06.06.2023 година, а средствата во износ од 65% од вкупната вредност на средствата кои се доделени од Агенцијата во износ од 14.950.000,00 денари се преведени на 07.06.2023 година. Важноста на банкарската гаранција истекла на 27.10.2023 година. Важноста на банкарската гаранција и на самиот датум на издавање не била во согласност со оперативниот план за реализација на филмот. На 25.04.2024 година, преку соопштение во јавноста филмскиот продуцент извести дека со снимањето на филмот ќе се започне на 25.04.2024 година.

11. Филмски проект **„Мравките владеат со светот"**, режисер Марјан Гавриловски, продуцент „Тајм Лапс", избран со Одлука бр.07-1102/25 од 04.08.2021 година, како долгометражен игран филм со македонски мнозински удел-дебитантски, со средства во износ од 15.000.000,00 денари. Преддоговор бр. 08-586/7 склучен на 07.10.2021 година, со Решение бр. 08-60/3 од 10.02.2022 година преведени 5% од средствата. Барање за склучување на Договор на 31.05.2023 година, во прилог на барањето доставена и банкарска гаранција со важност до 24.04.2024 година. Договорот не е склучен. Не е добиено објаснување зошто не е склучен договор.

12. Филмски проект **„Глигоров"**, режија Николче Поповски, сценарист Борјан Јовановски и Игор Иванов, филмски продуцент „Круг филм", избран со Одлука бр. 02-533/18 од 26.03.2021 година како долгометражен документарен филм со македонски мнозински удел, со средства во износ од 3.000.000,00 денари. Преддоговор бр. 08-719/3 од склучен на 18.10.2021 година, со Решение бр.08-719/4 од 22.10.2022 година префрлени се 5% од средствата во износ од 150.000, 00 денари. Договор склучен на 29.06.2023 година, со Решение бр. 08-146/9 преведени 70% од средствата во износ од 1.950.000,00. Банкарската гаранција е со важност до 27.06.2024 година.

13. Филмски проект **„Подстанар"**, режисер Марко Ѓоковиќ, продуцент „Сектор филм"-Скопје, избран со Одлука бр.02-553/20 од 26.03.2021 година како долгометражен игран филм со македонски мнозински удел, со средства во износ 23.500.000,00 денари, Преддоговор бр. 08-24/5 склучен на 27.12.2021 година. Рокот од преддоговорот истекува на 27.06.2024 година. Поднесено е барање за склучување на договор. Не е добиено објаснување зошто не е склучен договор.

14. Филмски проект **„Скопски баланс"** режисер Огнен Димитровски, филмски продуцент „Лајт Продакшн", избран со Одлука бр. 02-1117/3 од 21.07.2020 година како долгометражен документарен филм со македонски мнозински удел, со средства во износ од 3.000.000.00 денари. Преддоговор бр. 08-320/3 склучен на 03.03.2021 година. Рокот на Преддоговорот е продолжен до 03.09.2023 година. На

---

Агенцијата за филм, меѓу другото од страна на ДКСК побрано е да се утврди дали Косара Митиќ, која во 2022 година е именувана за филмски рецензент има проект за реализација во Агенцијата за филм.По добиени податоци од Агенцијата за филм,утврдено е дека филмовите „Црвената соба" и „Роденден" се реализирани многу порано од времето кога Косара Митиќ била филмски рецензент во Агенцијата за филм (2022 година). Тогашниот директор на Агенцијата за филм, не му посочил на инспекторот дека во фаза на реализација е филмот „19" во режија на Косара Митиќ, а во продукција на филмскиот продуцент „Црна мачка", (Кристијан Буровски и Томи Салковски).

01.09.2023 година доставено барање за склучување на договор. Договор не е склучен, а рокот на преддоговорот е истечен. Не е добиено објаснување зошто не е склучен договор.

15. Филмски проект „ЕРА", режисер Патра Келменди, избран со Одлука бр.02-1711/11 од 05.12.2019 година, филсмки продуцент „Лист" продукција како долгометражен игран филм со македонски малцински удел. Преддоговор бр.08-247/3 склучен на 02.03.2020 година, продолжен до 02.08.2022 година. Договор склучен на 02.03.2023 година, 80% од средствата преведени на 09.03.2023 година, на 28.06.2023 година. Направен е Извештај за строго наменски потрошени средства. Остануваат за исплата уште 20%. Не е доставена банкарска гаранција за преостанатиот дел од средствата.

16. Филмскиот проект „Хомо" е избран со Одлука бр. 02-875/3 од7.5.2018 година со средства во износ од 42.000.000,00 денари. Преддоговор бр. 08-875/3 е склучен на 21.5.2018 година. Договор бр. 08-879/3 е склучен на 14.12.2018 година. Снимањето на филмот е завршено на 17.4.2019 година. На 19.7.2019 година доставена е промена за динамика на реализација на договорот и анекс на договор бр. 08-749/11 е склучен на 24.7.2019 година. За филмот АФ направила Извештај за извршена контрола за доделени строго наменски парични средства бр. 08-749/8 од 10.5.2019 година за потрошени до 70% изработен од Сенка М. Димова, а прифатен од директорот на АФ. Извештај за извршена контрола за доделени строго наменски парични средства бр. 08-29/2 од 17.1.2022 година е изработен од Бранко Петровски а одобрен од директорот на АФ Бојан Лазаревски за исплатени до 100% средства. Од Извештајот може да се констатира следново:

Исплати:

Од 23.05.2018-06.05.2019 - 29.400.000 денари
10.05. 2019 - 4.200,000,00 денари
13.11.2019 - 4.200,000,00 денари
23.03.2020 4.200,000,00 денари

- Вкупно Одобрени средства по конкурс 42.000.000 согласно – Одлука бр. 02-875/3 од 02.05.2018 год.
- Пред договор бр. 08-879/3 од 31.05.2018,
- Договор бр. 08-879/13 од 14.12.2018 год.

Извештајот за извршена контрола за доделени строго наменски парични средства бр. 08-749/8 од 10.05.2019 година – проектот „Хомо" во режија на Игор Иванов, а во продукција на Скопје Филм Студио ДООЕЛ се однесува на 70% од вкупно одобрените средства, односно 29.400.000 ден.

Од извештајот видно е дека вкупен прилив на наменската сметка е 29.931.867 ден. (поголем од оној кој АФ го преведено на корисникот за 531.867 ден. – во извештајот не е констатирана оваа разлика), додека вкупен одлив 23.864.284 ден при што на сметката заклучно со 06.05.2019 (Салдо на сметка според БИ бр. 54) имало средства во износ од 6.067.583 ден.

Лицето кое правело контрола констатирало одредени состојби и тоа:

- Дека има направено позајмица (точниот износ изнесува 7.000 ден), навело дека има доделени аванси од 700.000 (нема посочено на кого и колку е даден аванс).
- Не е јасно зошто како констатација е дадено дека доставените документи ги докажуваат исплатите на средствата направени од наменска сметка за проектот кога се бара дополнителна документација, како и воедно цитира допис бр. 08-749/3 од 9.05.2019 год., со кој продуцентот бара промени во буџет
- Како дополнителна документација се наведени вкупно 13 ставки и од ова таксативно набројување не може да се утврди за кој износ поединечен и вкупен се бара документација.
- Не е јасно за што е склучен договорот за наем на канцелариски инвентар и на кој износ е овој договор помеѓу Скопје филм студио и Црна мачка (сопственикот на Скопје филм студио вооедно се води и како продуцент на конкретни филмови и во правното лице Црна мачка споделено како јавна информација на социјални мрежи)
- Не е јасно зошто за исплата кон Царинска управа и ф-ра исплата кон Клевар е цитиран банков износ но не и износ како тоа што е направено за Лоу Тек.
- Не е јасно зошто за исплата поврзана со странски плаќања не е цитиран износ
- Не е јасно за што е склучен договорот за наем и на кој износ помеѓу Скопје филм Студио и Томато Филм.
- Нема информации на кој износ е договор за наем на радиостаници склучен помеѓу Скопје Филм студио и Сектор филм, за кое пак правно лице истовремено по друга ставка се бара документација за направена исплата од 1.124.835
- Не е јасно за каков договор за наем на деловен простор и на кој износ е овој договор склучен помеѓу Скопје филм студио и Прима МК ДОО.

Од точка 1 видно е дека кога се изготвува извештајот еден ден пред тој да биде доставен од лицето кое вршело контрола во име на АФ, правното лице Скопје Филм Студио доставил допис бр. 08-749/3 од 9.05.2019 год. Со овој допис продуцентот ја известува АФ за промени во буџет на проектот и доставува образложение за промените со тоа што известува дека вкупното учество на АФ во проектот не се менува. Не е јасно како лицето кое вршело контрола во овој извештај овој допис веднаш го вклучува во извештајот без притоа да биде даден приказ за какви промени станува збор, со оглед на тоа што видно од прегледот е дека има намалување, но и зголемување на конкретни ставки и над 10% (за што било потребно и да се произнесе УО-актерска екипа се намалува за 1.312.598 ден., Консултански услуги за 61.645 ден, сектор продукција 462.665 ден, костимографија и шминка за 907.868 ден, непредвидени трошоци се намалуваат за 2.150.287 ден. Истовремено, се зголемува техничка опрема за 1.610.963 ден., Локации и сценографија за 863.130 ден, но има зголемување и кај патување, транспорт, сместување и кетеринг за околу 200.000 ден, во делот на музика има техничка грешка која не е констатирана и притоа не може да се утврди колку е

зголемувањето, постпродукција на звук кој бил претходно е предвидено со 0,00 ден., се зголемува за 732.000 денари итн).

Во Табела 2 која е дел од извештајот констатирани се трошоци од македонското учество во однос на она кое што е исплатено. Во овој дел не е јасно од каде се утврдуваат износите на кои се прави контрола (дали тие се од буџетот за кои се бара промена или пак буџетот кој бил составен дел од договорот (солемизиран)

Не е јасно што констатира лицето кое било задолжено да изврши контрола во последната табела. Во овој дел повторно е констатирано дека вкупно реализирани се средства 23.157.284 ден, аванси 700.000 денари (нема повторно информација за кого?), и салдо на сметка 6.067.583, а потоа во табелата се дадени плаќања, но по промените кои биле барани само еден ден пред извештајот да биде доставен/завршен од лицето кое било задолжено да изврши ревизија.

Не е јасно како на ваква фактичка состојба, како и не констатирани целосни инфомрации во делот на контролата на наменско и законско трошење на средства, лицето кое прави контрола дава предлог дека проектот може да оди на следна исплата.

Не е јасно како на ваква фактичка состојба лицето кое контролира бара да се разгледаат и усвојат бараните промени во буџетот на проектот, без притоа да даде конкретни информации за процентот на зголемување и намалување на конкретни ставки (оправдани се или пак не може тоа да го утврди и бара мислење од УО на кој му дава целосна и детална фактичка состојба – во овој случај тоа не постои во извештајот).

И покрај тоа што е даден т.н. позитивен извештај, има препораки кои се однесуваат на исплата на аванси за кои нема целосни информации, исплати за репрезентација која видно е дека биле ставени дел на ставка кетеринг, како и позајмување на парични средства од еден на друг филм за кои нема детали дали се работи за позајмицата од 7.000 ден или не?!

- Во извештајот недостасува утврдување на зголемување / отстапки по категории кои надминуваат над 10%;
- Во извештајот недостасува утврдување на разликите во износите за исплатени средства по ставки и исплатени средства според банкови изводи од наменската сметка;
- Нема таксативно набројување или табеларно прикажување на овие разлики и/или зголемување;
- Лицето кое што правело контрола иако има констатирано и дадено одредени забелешки, целосно не ја утврдило состојбата и истото не постапило онака како што е предвидено во ЗФД, а се однесува на законско и наменско трошење на средства.

Исто така битно е да се напомене дека Извештајот за извршена контрола за доделени строго наменски парчина средства бр. 09-29/2 е од 17.01.2022 год. – иако целосната исплата за овој поект е во март 2020 овој. Значи овој извештај е изработен во 2022 год., па не е јасно зошто нема извештај за извршена контрола по исплата во:

- 2018 година – за исплатените средства до 80%,

- 2019 година – за исплатените средства до 90%, и
- 2020 година – за исплатените средства до 100%.

Контролата е правена од друго лице (Бранко Петровски) кое при правење на овој извештај воопшто во предвид не ги зело претходните забелешки од извештајот за исплатените средства до 70%, бидејќи нема детален преглед за кои трошоци по банкови изводи вршел контрола туку само групно наведува ставки по буџет и исплати, при што веднаш констатира дека вкупно исплатените средства се поголеми од оние кои му се доделени од АФ поради причина што продуцентот има внесено 1.000 ден.?!

Продуцентот „Скопје филм студио" ја известил АФ дека во 2021 и 2022 година, филмот „Хомо" немал кино дистрибуција на територијата на РСМ, ниту дека остварил заработка од фестивалско прикажување.

17. За филмскиот проект **„Кајмак"** (избран на конкурс 2020 година) и за филмскиот проект **„Биста"** (избран на конкурс 2022 година- втор рок на одлучивање) на филмскиот продуцент **„Банана филм"**, вршителот на должноста директор на АФ донел Решение бр. 03-270/10 од 17.05.2023 година, со кое се прекинува натамошното финансирање и постапување по проектите „Кајмак" и „Биста" во продукција на продуцентот „Банана филм ДООЕЛ"-Скопје, поради потреба од решавање на претходно прашање –постоење на основи на сомнение во однос на вистинитоста на изјавите од член 26 став 2 точка 5 од ЗФД доставени како доказ од страна на продуцентот Банана филм ДООЕЛ Скопје во наведените проекти. Министерството за култура со Мислење бр. 53-5091/4 од 08.06.2023, ја известило АФ дека дека порешно е применет Законот за општа управна постапка и дека членот 95 од Законот за општата управна постапка не е основ за донесување на Решението за прекин за финансирање. Согласно членот 95 став (3) кога постапката по претходното прашање се поведува по службена должност од страна на друг јавен орган, јавниот орган што ја води постапката ќе бара решавање на претходното прашање од страна на другиот јавен орган.

Претходно прашање во никој случај не може да биде поднесена кривична пријава. Имено, Решението е донесено врз основа на Законот за општа управна постапка со кој се уредуваат постапката за остварување на заштита на правата и правните интереси на физичките лица, правните лица и другите странки, како и заштита на јавниот интерес по која се должни да постапуваат министерствата, органите на државната управа, организациите утврдени со закон, другите државни органи, правните и физичките лица на кои со закон им е доверено да вршат јавни овластувања, како и органите на општината, на градот Скопје и општините во градот Скопје, кога во вршењето на своите законски надлежности, постапуваат, решаваат и преземаат други управни дејствија во управни работи. Поднесувањето на кривична пријава и/или водењето на кривична постапка се спроведуваат согласно Кривичен законик, пред Основно јавно обвилнителство, кое не е управен орган.

Вистинитоста на изјавите на продуцентот Банана филм дооел Скопје не е и не може да се смета дека е претходно прашање согласно член 95 од Законот за општа управна постапка. Имено дали одредени изјави се вистинити или не, АФ требала и морала да утврди во моментот кога за прв пат ги разгледувала пријавите

на Банана филм Скопје по конкурсите каде Банана филм дооел Скопје била избрана и и биле доделени средства за проектот „Кајмак".

Согласно член 26 став 2 алинеа 5 од ЗФД, продуцентот кој аплицирал на конкурсот бил должен да достави и изјава дека ги исполнил сите обврски кон АФ, односно кон поранешната Национална установа Филмски фонд на Република Македонија - Скопје за други проекти финансирани со средства од Буџетот на Република Македонија. Неспорно е дека Банана филм дооел Скопје доставила таква изјава. Управниот одбор, согласно член 30 од ЗФД, на предлог на директорот, а по претходно мислење на Советот, донесува одлуки за прифаќање или одбивање на филмските проекти по конкурсот од членот 25 став (1) од Законот. Управниот одбор, на предлог на директорот, донесува одлуки за прифаќање или одбивање на проектите по конкурсите од членот 25 став (2) од ЗФД. Одлуките од ставот (2) на член 30 од ЗФД се донесуваат во рок од 60 дена од денот на завршувањето на конкурсите. Против одлуките од ставовите (1) и (2) на член 30 од ЗФД може да се изјави жалба во рок од 15 дена до Државната комисијата за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен. Жалбата не го одлага извршувањето на одлуките.

Од ова произлегува дека надлежните органи можеле и морале да утврдат дали изјавите се или не се вистинити и доколку се посомневаат можеле тогаш да речат дака се работи за претходно прашање. Вака произлегува дека не само што не се посомневале туку и после одлуката за избор и доделување на средства на проектот „Кајмак" тие најпрво склучиле преддоговор со продуцентот Банана филм Скопје, а потоа склучиле и главен договор со истиот продуцент.

Исто така, согласно Мислењето на Министерството за култура бр. 53-5091/4 од 08.06.2023, со донесеното решение на в.д. директорот се крши и уставното начело на пресумпција на невиност. Согласно Уставот на секој граѓанин на РСМ му се гарантира презумпцијата на невиност. Имено, сè додека некој со правосилна судска одлука не биде осуден за одредено кривично дело се смета дека е невин. Поднесувањето на кривична пријава априори не значи дека за поднесената кривична пријава ќе се поведе и постапка, ниту пак поднесената кривична пријава однапред го детерминира исходот на постапката доколку истата биде поведена. Решението за прекин на финансирање,погрешно во образложението се повикува на констатациите и заклучоците на Записникот за извршен инспекциски надзор.

Во Записникот ИП.бр.57-27 од 04.04.2023 година, вишиот инспектор во однос на филмот „Врба" констатирал дека при исплата на средства на Милкман Продукција од Њујорк „...*не е утврдено ненаменско или спротивно на договорот користење на средства добиени од Агенцијата за филм, од причина што корисникот на средствата се придржувал кон финансискиот и оперативен план, како составни делови на договорот, согласно со обврската од член 39 став 3 од законот за филмска дејност.*" Заради ваквата констатација, инспекторот согласно член 83 став 5 од Законот за инспекциски надзор ја запрел постапката на инспекциски надзор.

По однос на Барањето за вонреден инспекциски надзор за проектот/филмот „Мајки", и наведувањето за давањето на невистинита изјава дека продуцентот Банана филм ги нема целосно исполнето обврските кон поранешната НУ Филмски

фонд на РМ и дека наводно давал изјава со лажна содржина, инспекторот констатирал дека „... *не постои основ да биде извршен инспекциски надзор врз основа на Законот за филмски фонд на РМ, бидејќи законот е вон сила, односно престанал да важи уште на 01. јануари 2014 година.*"

Во Записникот за извршен инспекциски надзор не се содржани констатации за работа спротивна на закон за Друштвото за филмска продукција „Банана филм"-Скопје.

Во ЗФД утврдени се условите под кои филмските продуценти можат да учествуваат на конкурсите на АФ (член 26) и одредби со кои се регулирани обврските на филмските продуценти/корисници на средствата (член 39). Во ЗФД покрај одредбите со кои се забранува учество на филмски продуценти на конкурсите на АФ (член 36 став (4) и член 39 став (1) од ЗФД, се содржани и прекршочни одредби, односно глоби во случај на не почитување на одредбите од ЗФД.

За Друштвото за филмска продукција „Банана филм" Скопје, не постои документација согласно која оваа продукција има добиено прекршочна санкција со изречена глоба, ниту пак на веб страницата на Агенцијата на филм е објавена забрана за Друштвото за филмска продукција „Банана филм" Скопје да учествува на конкурсите на Агенцијата за филм.

## Ж) ЗА ФЕСТИВАЛИ И МАНИФЕСТАЦИИ

Од страна на АФ на Работната група, врз основа на случаен избор и беше доставена документација за следниве фестивали, за кои е констатирано следново:

1. **Манифестација „Златна рамка"**

„Златна рамка" е филмска манифестација, која ја организира ДФРМ, а се финансира со средства од Буџетот на АФ. На оваа манифестација се презентираат бесплатно домашните филмските остварувања кои биле реализирани во претходната година, а кои се поддржани од АФ. Најголем дел од трошоците за оваа манифестација се авторски хонорари, во добар дел исплатени кон организаторите на Манифестацијата: претседателот на ДФРМ, Игор Иванов-Изи и Томи Салковски - генерален секратар на ДФРМ.

Работната група оствари увид во Извештајот за извршена контрола за строго наменски парични средства на ДФРМ за изданието на Манифестацијата Денови на македоонски филм „Златна рамка" 2021 година. Согласно Извештајот, АФ за реализацијата на Манифестацијата одобрила средства во износ од 1.200.000,00 ден. Од страна на АФ се иплатени 960.000,00 ден, а согласно Извештајот за реализација на овој проект, ДФРМ потрошило средства во износ од 945.000,00 денари. Реализираните трошоци се за следните ставки: Договори за ангажирани лица 452.000, фактури за реализирани трошоци во износ од 443.302 денари, персонален данок 48.705 денари и банкарска провизија 999 денари. За кетеринг се потрошени средства во износ од 180.110 денари, од кои 35.200 денари се

исплатени исплатени на ТД Уранија Дооел Николовски Скопје и 144.900 денари на Минт Кетеринг ДОО Скопје. Доставена е фактура бр.0504-02 од 30.06.2021 издадена од Скопје филм студио за наем на техника за снимање -камера за манифестацијата на износ од 21.771 денар. Управител на Скопје филм студио е Томи Салковски кој истовремено се јавува како директор на Манифестацијата и како секретар на ДФРМ.

Во реализацијата на Манифестацијата „Златна рамка" е вклучена и Ана Василевска, која е долгогодишен филмски рецензент во АФ. Судирот на интереси кај Ана Василевска е констатиран во Записникот за извршен инспекциски надзор Ип Бр 57-41 од 27.7.2020 година и во Записникот за извршен инспекциски надзор ИП1 бр.57-82 од 27.11.2023 година, каде е наведено дека на Ана Василевска, филмски рецензент во АФ по основ на координатор на филмската програма на манифестацијата „Златна рамка" (проект поддржан од АФ) и се исплатени средства во износ од 45.000 денари за 2022 и во износ од 50.000 денари за 2023 година, што е спротивно на ЗФД.

Имено, согласно член 32 од Законот, директорот на АФ, член на Советот, рецензентите, советниците и другите надворешни соработници, претседателот и членовите на Управниот одбор и вработен во АФ не може да учествуваат на конкурс на АФ, ниту да учествуваат во реализацијата на проект кој добил средства од АФ.

**2. Манифестација филмски фестивал „Браќа Манаки"**

АФ, редовно врз основа на конкурс, ја финансира и филмската манифестација „Браќа Манки" во организација на ДФРМ. За оваа Манифестација во моментот на вршење на увидот не се доставени извештаи за потрошените средства за годините 2022 и 2023 година, што е спротивно на склучениот договор меѓу АФ и ДФРМ според кој за исплатените средства корисникот е должен во рок од 30 дена од денот на завршување на проектот, да достави детален наративен и финансиски извештај за наменско трошење на средства, а во прилог да достави и копии од документацијата за извршената исплата.

АФ (Одделение за Креативна Европа – Медиа Деск) и ДФРМ на 22.12.2023 година склучиле Договор за соработка со кој е регулирано дека Медиа Деск финансиски ќе го поддржи учеството на 44 Интернационален фестивал на филмска камера „Браќа Манаки" со средства во износ од 165.320,00 денари за надомест за прикажување на филмови „Клуб Нула" (Club Zero) во износ од 61.800 денари), за филмот „Химера" (La Chimera), во износ од 77.250 денари и авински билет за гостинката на Фестивалот Елен Лотман во износ од 26.270 денари.

Исто така, Медиа Деск се обврзува дека ќе учествува во трошоци (промотивни материјали) во вкупен износ од 28.275, 00 денари ( 290 двојно брендирани чадори и 290 двојно брендирани моливи). Склучениот договор е во спротивност со договорот за програмата на Креативна Европа, каде стриктно е наведено за што можат да се користат средствата од програмата Медиа. Трошоците се реализирани, а Договорот е склучен по реализација на фестивалот. Средствата се ненаменски доделени и потрошени.

## 3) ЗА ФЕСТИВАЛ ПОНТА ЛОПУД

Во 2022 година, за 2023 година директорот на АФ Бојан Лазаревски без согласност од Управниот одбор и без обезбедени финансиски средства, склучил Меморандум за соработка со Рива филм (Слано Хрватска) – коорганизатор на проектот Понта Лопуд Фестивал. Со склучениот меморандум АФ се обврзува да обезбеди средства во износ од 6.500 евра кој треба да бидат уплатени на сметката на коорганизаторот на Фестивалот Рива филм. За уплатените средства на фестивалот ќе можат да учествуваат филмски работници од РСМ. Исто така, за уплатените средства еден претставник од АФ на сметка на Фестивалот ќе присуствува во траење од најмалку пет дена. Од АФ претставник бил директорот Бојан Лазаревски. Во 2023 година поранешниот директор Бојан Лазаревски склучил и меморандум за обезбедување на средства и за 2024 година, исто така, без одлука на Управен одбор, ниту пак спроведена законска постапка за обезбедени финансиски средства. Овој меморандум не треба да се реализира од страна на сегашниот директор на АФ, бидејќи е незаконито склучен.

## Ѕ) ЗА ИСПЛАТЕНИ ДОГОВОРИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ФИЛМ ВО 2023 ГОДИНА

1. Согласно презентираната сметководствена евиденција на АФ во 2023 година од буџетската сметка 603 вкупно преземени обврски по нови склучени договори, по договори од претходни години и по преддоговори изнесуваат 253.785.344 денари.

Во 2023 година средствата исплатени по нови договори и преддоговори изнесуваат 61.593.000 денари и се однесуваат на 65 договори и преддоговори.

Во 2023 година се исплатени 35 стари договори во вкупен износ од 32.549.844 денари.

Вкупните средства кои се исплатени во 2023 година од буџетската сметка 603 изнесуваат 94.142.844 денари.

Неисплатените обврски во 2023 година изнесуваат 159.642.500 денари и се однесуваат на 54 неисплатени договори, а 16 договори се пренесени за исплата на посебната сметка 787.

2. Согласно презентираната сметководствена евиденција на АФ исплатени договори од посебната сметка 787 во 2023 година се исплатени средства по склучени договори за 15 долгометражни филмови и 11 краткометражни филмови.

Вкупните обврски во 2023 година за 15 долгометражни филмови изнесуваат 23.445.000 денари, а се исплатени 19.395.000 денари. Неисплатените обврски за долгометражни филмови во 2023 година изнесуваат 4.050.000 денари

Вкупните обврски во 2023 година за 11 краткометражни филмови изнесуваат 3.825.000 денари, а се исплатени 2.090.000 денари. Неисплатените обврски за краткометражни филмови во 2023 година изнесуваат 1.735.000 денари

Вкупните неисплатени обврски на Агенцијата за филм во 2023 година изнесуваат 165.427.500 денари кои се пренесени како обврска за исплата во 2024 година. Од буџетската сметка 603 неисплатените обврски изнесуваат 159.642.500 денари, а од посебната сметка 787 неисплатените обврски изнесуваат 5.785.000 денари.

Буџетот на Агенцијата за филм за 2024 година на буџетската сметка 603 изнесува 140.000.000 денари, што е за 19.642.500 денари помал од пренесените обврски од 2023 година на буџетската сметка.

Во 2023 година во првиот рок на одлучување (одлука на Управен одбор од седница одржана на 24.8.2023 година, АФ распределила средства за финансирање на филмски проекти од национален интерес во износ од 88.200.000,00.

Во текот на 2023 година, АФ склучила преддоговори во вкупен износ од 261.000.000,00 денари.

Со оглед на тоа што филмските проекти избрани на Конкурсот треба да се реализираат во рок од пет години сметано од денот на склучување на преддоговорот, Агенцијата за филм е должна да утврди динамика на реализација и финансирање на филмските проекти која е во согласност со утврдените односно проектираните средства во Буџетот на Министерството за култура за предметната година.

Имајќи предвид дека согласно Законот за филмската дејност, национален интерес во филмската дејност е континуираната поддршка на производството на филмови, Агенцијата за филм во рамките на утврдените средства треба да обезбеди и финансирање на тековната реализација на филмските продукции, но и избор на нови филмски проекти кои ќе се реализираат во следните години.

****

Врз основа на извршениот увид во работата на АФ, Работната група ги дава следниве:

## КОНСТАТАЦИИ И ПРЕПОРАКИ:

1. **Констатации:**

- АФ не работи во согласност со ЗФД и другите позитивни закони. Видливо е еклатантно непочитување на законската регулатива односно (не)носење на одлуки од страна на одговорните лица на АФ (во најголем дел во периодот кога директор односно в.д директор бил Бојан Лазаревски) и не почитување на предвидените законски постапки. Ваквата пракса многу често била поддржувана и/или не била санкционирана од страна на Управниот одбор на АФ.
- Во 2022 година, (согласно со објавените одлуки на својата веб страница) АФ по конкурсите за финансирање на филмски проекти од национален интерес распределила средства во износ **330.906,250, 00 денари** (двојно повеќе од средствата предвидени за филмската дејност во буџетот), со што не само што го оштетила буџетот, туку го загрозила остварувањето на филмската дејност во следните пет години.
- Сметководствената евиденција на АФ не е во согласност со склучените преддоговори и договори, односно од истата не може прецизно да се утврди износот на финансиски обврски на АФ по основ на склучените преддоговори и договори, како и колкав износ на финансиски обврски ќе предизвикаат новите договори кои сеуште не се склучени, а проектите се избрани на конкурсите на АФ. Имено, од евиденцијата на АФ не може да се

утврди колку вкупно обврски АФ пренесува од година во година, што е многу значајно заради планирањето на буџетските трошоци.

- Во АФ одлучувачките функции седум години последователно се концентрирани во едни исти лица, кои се во деловни врски и со ДФРМ, без да се почитуваат начелата на законитост, еднаквост, јавност, неселективност, отчетност. Истовремено не се почитуваат и кодексите и не се применуваат етички норми и професионалните стандарди, на избраните и именуваните функционери, но и на оние кои вршат дејности врз основа на договор за дело, но кои се од суштествен карактер согласно ЗФД (филмски рецезенти, финансиски советници, изработка на извештаи за наменски потрошени средства и сл.). Наместо доследно почитување на позитивните законски одредби, без дискриминација или повластување на кој било, со целосно почитување на јавниот интерес, во предметниот период видно е дека во АФ, директорот Бојан Лазаревски и УО, бил во тесна спрега со раководството на ДФРМ при носењето на одлуките.[9]
- АФ незаконски во периодот од 2018 заклучно со 2023 година ја финансирала работата на ДФРМ, со што незаконски им доделила средства во износ 7.080.000,00 денари,
- АФ незаконски доделила средства на ДФРМ за промоција на програмата на Креативна Европа Медиа за 44 издание Фестивалот „Браќа Манаки" во вкупен износ од 193.595,00 денари,
- Јавниот повик за финансирање на проектни активности на здруженија на граѓани од областа на филмската дејност за 2024 година, објавен на интернет страницата на АФ е без законски основ. АФ во иднина не треба да објавува ваков јавен повик, а постојниот да го поништи.
- Конкурсот за финансирање на проекти за производство на долгометражен и краткометражен игран, документарен и анимиран филм за 2024 содржи елементи кои не се во согласност со ЗФД. Овие елементи треба да се избришат од конкурсот.
- АФ не ја следи релизацијата на склучените преддоговори и договори, ненавремено ги раскинува истите во услови кога филмскиот продуцент не ги остварил своите обврски кон АФ, не поднесува тужби против филмските продуценти кои не ги вратиле средствата во АФ, со што не го штити јавниот инетерс и го оштетува буџетот на државата,

---

[9] Извадок од Анализата на постапка спроведена во Агенција за филм по основа на Конкурс за финансирање на проекти за 2022 година на Транспаренси интернешнл Македонија,„Следствено на ваквата поврзаност на одлучувачките тела во Агенцијата за филм остава траги на сомнеж дека постои можност одредени кандидати за филмски проекти да се ставаат во фаворизирачка положба, односно постои можност на реално влијание. Како пример може да се посочи проектот „Белиот" во последниот конкурс кој е награден со најголем износ на финансиски средства, а истиот проект е во режија на Игор Иванов (Претседател на ДФРМ). Имено, и покрај тоа што Законот за филмска дејност содржи релативно општи услови за избор на членовите на Управниот одбор, за членови се избрани повеќе личности кои имаат односно имале деловна соработка со раководството на ДФРМ. Ваквата констелација на одлучувачките тела во Агенцијата за филм не ја гарантира примената на принципите на еднаквост и рамноправност на сите учесници на Конкурсот, односно создава услови дека кон дел од учесниците на конкурсот се постапува фаворизирачки."

- АФ овозможила побарувањата за враќање на средствата да застарат и да не може да бидат наплатени по судски пат, што преставува основ за кривично гонење бидејќи лицата кои биле надлежни да го сторат тоа, а не го сториле,поради што постои основано сомнение дека сториле кривично дело злоупотреба на службена положба и/или несовесно работење во службата.
- АФ не ја следи важноста на банкарските гранции, овозможува средствата доделени од АФ на филмскиот продуцент да не бидат покриени со банкарска гаранција со што го оштетува буџетот. Ваквата работа на АФ е во спротивност со ЗФД и со Кривичниот законик и потенцијално создава индиции за злоупотреба на службената положба односно за несовесно работење во службата поради што е потребно да се утврди одговорност за одговорното лице во АФ.
- АФ не ги следи оперативните планови за реализација на филмските проекти, што влијае на програмирањето на буџетските средства наменети за финансирање на производство на филмови,
- АФ неосновано со дел од филмските продуцнети кои ги исполниле законските услови за да склучат договор, договорите без да има законски основ не им ги склучува,
- Надлежностите на АФ не се спроведуваат согласно со динамиката и во рамките на средствата утврдени во финансискиот план на АФ,
- Во некои од извештаите на АФ за наменски користени средства не се содржани податоци и аргументи дека доделените средства се наменски потошени,
- АФ не води соодветна ажурна евиденција за реализацијата на филмските проекти и нетранспарентно и без почитување на законските обврски врши исплата на продуцентските куќи.

2. Препораки

- АФ доследно да ја применува законската регулатива и да воспостави систем за законито и одговорно извршување на надлежностите на АФ.
- АФ, на конкурсите за финансирање на филмски проекти од национален интерес во филмската дејност да не врши распределба на средства надвор од утврдените средства во буџетот.
- АФ да води ажурна евиденција од која во секој момент ќе може прецизно да се утврдат сите парични обврски на АФ (како тековни така и пренесени обврски од претходни години).
- АФ да утврди динамика на реализација и финансирање на филмските проекти која е во согласност со утврдените односно проектираните средства во Буџетот на државата за предметната година.
- АФ задолжително да ја следи реализацијата на склучените преддоговори и договори, навремено да ги раскинува истите во услови кога филмскиот продуцент не ги остварил своите обврски кон АФ.
- АФ навремено да поднесува тужби против филмските продуценти кои не ги вратиле средствата во АФ,

- АФ е потребно да покрене постапки за утврдување на одговорност за лицата кои ја злоупотребиле службената положба и овластување,
- АФ, да ги следи оперативните планови за реализација на филмските проекти,
- АФ да ја следи важноста на банкарските гранции.
- Извештаите на АФ за наменски користени средства да содржат прецизни податоци и аргументи дека доделените средства се наменски потрошени;
- АФ да не донесува подзаконски акти кои не произлегуваат од законската регулатива, а донесените кои не произлегуваат од ЗФД да ги поништи.
- Управниот одбор да ја преиспита законската основаност на Одлуката бр. 02- 206/ 2 од 01.02.2024 година, за финансирање на проектни активности на ДФРМ за 2024 година,
- Конкурсите да не содржат услови кои не се во согласност со законската регулатива,
- АФ да ја изработи националната стратегија за развој на филмската дејност.
- АФ да преземе соодветни активности за вработување на стручен професионален кадар, кој ќе може да одговори на поставените задачи.

******

***Предлог за унапредување на законската регулатива за филмскта, односно аудиовизуелната дејност:***

Законот за филмската дејност донесен во 2013 година потребно е итно да биде ревидиран или да биде донесена нова законска регулатива, компатибилна со меѓународната регулатива за филмската односно аудиовизелната дејност, во која ќе бидат содржани сите механизми со кои ќе се овозможи континуирана поддршка на прозиводството на филмовите преку стабилно финансирање од Буџетот на државата, но и од други алтеранативни извори. Во новата законска регулатива треба да се дефинираат правила и одговорности со кои ќе се превенираат состојби на судир на интереси, на непотизам, на клентелизам и на сузбивање на корупцијата, да се пропишат јасни, прецизни и објективни критериуми за избор на финансиски советници, филмски рецезенти, членови на филмски совет и на управен одбор. Исто така, во новата законска регулатива треба да овозможи примена на принципот на владеење на правото.Со новата законска регулатива треба да се создадат услови за непречено и поквалитетно остварување на филмската и аудиовизуелната дејност, особено преку воведување на построги критериуми за финансирањето на филмските проекти. Досегашното искуство на поддршка на енормно голем број на проекти и на филмски продуценти во целост не ги даде очекуваните резултати односно квантитетот не се потврди со проектираниот квалитет, поради што е потребно да се подигне квалитетот и успешноста на проектите кои ќе бидат финансиски поддржани од АФ. Несомено дека е потребно да се продолжи со стабилно финансирање на филмски проекти. Македонските филмови ја обликуваат културолошката матрица на државата и ја

афирмираат и промовираат нашата култура во светот. Отчетноста за доделените буџетски пари за финансирање на филмски проекти е двојна и подразбира отчетност и за наменското трошење на средствата, но и за вредноста на филмовите кои се создаваат со средства од буџетот.

Работна група:

Ѓурѓица Трајковска, државен советник,
Весна Илиевска, државен советник,
Сузана Которчевиќ, раководител на сектор,
Фросина Ѓоршовска, раководител на Сектор,
Зоран Маркозанов, виш инспектор за култура